ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
КО.бр. 531/22
ТЕТОВО, 8.07.2022 година

# С Л У Ж Б Е Н А   Б Е Л Е Ш К А

Составена од страна на Јавните обвинители на ОЈО-Тетово, Бесир Алиу и Ханефи Амети и ОЈО-Скопје, Дејан Петрески и Зорица Павловиќ, на ден 8.07.2022 година, по однос на предметот оформен во ОЈО-Тетово, КО.бр.531/22, а во врска со настанатиот пожар во Модуларната болница при ЈЗУ Клиничка болница во Тетово, откако истиот бил на реферирање кај Јавниот обвинител на Република С.Македонија, во состав од Јавниот обвинител Љубомир Јовески, пред Јавните обвинители во Јавното обвинителство на Република С.Македонија Ацо Колески, Соња Симовска Јавен обвинител во Јавното обвинителство на РСМ, Мустафа Хајрулаху – Виш јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство во Скопје, Исљам Абази – Виш јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство во Гостивар и Наталија Тасевска – Јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство во Скопје, а по реферирањето на ден 11.05.2022 година, по едногласното одлучување во врска со правната квалификација на кривично-правниот настан, како и со одредени правни прашања, беше одлучено да предметот од уписникот ‘РО’, овој кривично-правен настан да се презаведе во уписникот ‘КО’ во Основното јавно обвинителство во Тетово, против: Фљорин Бесими и Артан Етеми за по едно кривично дело **ТЕШКИ ДЕЛА ПРОТИВ ОПШТАТА СИГУРНОСТ по чл.292 ст.4 в.в. со чл.288 ст.4 в.в. со ст.1 од Кривичниот Законик,** обвинетиот Бобан Вучевски за кривично дело **НЕПОСТАПУВАЊЕ СПОРЕД ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРОПИСИ ЗА ВРЕМЕ НА ЕПИДЕМИЈА по чл.206 ст.1 од Кривичниот Законик,** додека обвинетото правно лице ЈЗУ Клиничка болница во Тетово за кривично дело **ТЕШКИ ДЕЛА ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ ОПШТА ОПАСНОСТ по чл.288 ст.5 в.в. со ст.4 в.в. со ст.2** и кривично дело **НЕПОСТАПУВАЊЕ СПОРЕД ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРОПИСИ ЗА ВРЕМЕ НА ЕПИДЕМИЈА по чл.206 ст.2 в.в. со ст.1 од Кривичниот Законик,** на ден 8.07.2022 година Јавниот обвинител во ОЈО-Тетово, Бесир Алиу од неговиот мобилен телефон со број [redacted] во 10:20 часот се јави на Јавниот обвинител на Република С.Македонија, Љубомир Јовески, на неговиот мобилен телефон со бр.[redacted], кој даде согласност за правната квалификација за обвинетиот Бобан Вучевски, за кривично дело **НЕПОСТАПУВАЊЕ СПОРЕД ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРОПИСИ ЗА ВРЕМЕ НА ЕПИДЕМИЈА по чл.206 ст.1 од Кривичниот Законик.**

**БА/ЗГ**

**ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ОЈО-Тетово**

**м-р Бесир Алиу**

**м-р Ханефи Амети**

**ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ОЈО-Скопје**

**Дејан Петрески**

**Зорица Павловиќ**

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
КО.бр. 531/22
ТЕТОВО, 22.06.2022 година

ДО
ЈЗУ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА – ТЕТОВО

Врз основа на чл.287 ст.5 од ЗКП, поднесувам

**Б А Р А Њ Е**
**за достава на податоци**

За потребите на ова Обвинителство, да ни ја доставите одлуката со која доктор-кардиолог Бобан Вучевски, вработен во ЈЗУ Клиничка болница во Тетово е назначен за раководител на Модуларната болница Ковид-центар, во оригинал.

Потребната одлука да ни ја доставите во рок од 3 дена од денот на приемот на ова барање.

ХА/ЗГ

**ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
**м-р Ханефи Амети**

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО Република Северна Македонија Тетово PROKURORIA THEMELORE PUBLIKE Republika e Maqedonisë së Veriut

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
КО.бр. 531/22
ТЕТОВО, 21.06.2022 година

ДО

ЈЗУ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА – ТЕТОВО

Врз основа на чл.287 ст.5 од ЗКП, поднесувам

**Б А Р А Њ Е**
**за достава на податоци**

За потребите на ова Обвинителство, да ни ги доставите во писмена форма имињата и презимињата со местото на живеење, на пациентите кои биле згрижени во Модуладната болница Ковид-центар во Тетово, на ден 8.09.2021 година, кога се случил пожарот, како и кој од пациентите во која соба и на кој кревет лежел.

Исто така, кој медицински персонал биле на должност на 8.09.2021 година, во критичното време во моментот на настанување на пожарот.

За да може Јавниот обвинител да донесе јавнообвинителска одлука, потребно е да ни ги доставите бараните податоци во рок од 3 дена од денот на приемот на ова барање.

ХА/ЗГ

ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ
м-р Ханефи Амети

621

KT221591

KT221591446-1

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

**Биро за јавна безбедност**

**Оддел за криминалистичко - технички испитувања и вештачења**

Рег.бр.22.12-16318/1
Скопје, 24.02.2022 година

**До:**
Основно Јавно Обвинителство Тетово
Јавен обвинител м-р Бесир Алиу

**Предмет:** Вештачење и материјал, доставува.-

Почитувани,

Во прилог на актот ви доставуваме материјал, предаден од Офицер за врски на Сојузната криминалистичка служба од Германија (BKA) во Скопје (Предмет број: SKO 057/21), а во врска со пожар во модуларната COVID болница во Тетово, од 08.09.2021 година. и тоа:
1. Вештачење во оригинал (вкупно 7 листови);
2. Прилог со фотографии (вкупно 9 листови);
3. Листа, на македонски јазик;
4. 3x2 ЦД-а и едно УСБ (трага бр. 0.1);
5. УСБ стик;
6. предмети обезбедени од место на настан (редоследно: 2 шишиња трага бр.2.1, синтетичка материја 3.1, материјал од инсталација трага бр. 3.2, материјал од инсталација трага бр. 3.3, синтетичка материја трага бр.4.1, материјал од инсталација трага бр. 4.2, 2 синтетички материи трага бр.7.1 и синтетичка материја трага бр.7.2).

Прилог: Како во актот.-

Со почит,

Изработил: м-р Нецат Мурич

**НАЧАЛНИК на ОКТИВ**
Д-р Габриела Коскоска


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија | ул. Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија | 389 (2) 3 117 063 www.mvr.gov.mk

Scanned with CamScanner

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
РО.бр. 559/21
ТЕТОВО, 21.06.2022 година

КПД 13/22

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
PROKURORIA THEMELORE PUBLIKE
Примено / Pranuar: 21 JUN 2022
Орг.един. / Nj.org.:
Прилог / Вредност / Vlera:

I Ко 531/22

# СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

Составена од страна на Јавните обвинители на ОЈО-Тетово, Бесир Алиу и Ханефи Амети и ОЈО-Скопје, Дејан Петрески и Зорица Павловиќ, на ден 21.06.2022 година, по однос на предметот оформен во ОЈО-Тетово, РО.бр.559/21, а во врска со настанатиот пожар во Модуларната болница при ЈЗУ Клиничка болница во Тетово, откако истиот бил на реферирање кај Јавниот обвинител на Република С.Македонија, во состав од Јавниот обвинител Љубомир Јовески, пред Јавните обвинители во Јавното обвинителство на Република С.Македонија Ацо Колески, Соња Симовска Јавен обвинител во Јавното обвинителство на РСМ, Мустафа Хајрулаху – Виш јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство во Скопје, Исљам Абази – Виш јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство во Гостивар и Наталија Тасевска – Јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство во Скопје, а по реферирањето на ден 11.05.2022 година, по едногласното одлучување во врска со правната квалификација на кривично-правниот настан, како и со одредени правни прашања, беше одлучено да предметот од уписникот 'РО', овој кривично-правен настан да се презаведе во уписникот 'КО' во Основното јавно обвинителство во Тетово, против: Фљорин Бесими, Артан Етеми, Бобан Вучевски за кривично дело **ТЕШКИ ДЕЛА ПРОТИВ ОПШТАТА СИГУРНОСТ по чл.292 ст.4 в.в. со чл.288 ст.4 в.в. со ст.2 од Кривичниот Законик,** и против правното лице ЈЗУ Клиничка болница во Тетово, за кривично дело **ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ ОПШТА ОПАСНОСТ по чл.288 ст.5 в.в. со ст.4 в.в. со ст.2 од Кривичниот Законик.**

**БА/ЗГ**

| | |
|---|---|
| **ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ОЈО-Тетово** | **ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ОЈО-Скопје** |
| **м-р Бесир Алиу** | **Дејан Петрески** |
| **м-р Ханефи Амети** | **Зорица Павловиќ** |

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО * PROKURORIA THEMELORE PUBLIKE

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
КЕЦ Тетово
Бр. 03 - 748/21
14-09-2021 201 год.

EVN Group

До
Основно Јавно Обвинителство Тетово
Тетово

14.09.2021 година

**Предмет:** Одговор на Наредба Ро.бр.559/21 од 13.09.2021 година

Почитувани,

Постапувајќи согласно Вашата Наредба во врска со настанот случен на 08.09.2021 година, односно настанатиот пожар во Модуларната болница при ЈЗУ Клинички центар Тетово, појаснуваме:

Во конкретниот случај Модуларната болница при ЈЗУ Клинички центар Тетово не е приклучена на дистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје како оператор на дистрибутивен систем туку е приклучена на внатрешната инсталација (внатрешен приклучок) на корисникот ЈЗУ Клинички центар Тетово. Оттука, Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје нема обврска за поседување на Елаборат за снабдување со електрична енергија или План за целокупната електрична инсталација за Модуларната болница при ЈЗУ Клинички центар Тетово.

Имено, приклучокот за Модуларната болница при ЈЗУ Клинички центар Тетово од внатрешната инсталација (внатрешниот приклучок) не е изграден и не е во сопственост на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје како ОДС, при што Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје нема обврска за негово одржување.

Воедно укажуваме дека од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје како ОДС од било кого, вклучувајќи го и корисникот ЈЗУ Клинички центар Тетово во чии рамки е модуларната болница, не е побарано да изведе внатрешен приклучок за Модуларната болница при ЈЗУ Клинички центар Тетово во смисла на одредбите од член 48 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија според кој: *„Внатрешниот приклучок на корисникот на дистрибутивната мрежа може да биде изведен од лица ангажирани од страна на корисникот, кои поседуваат овластувања за изведувач од таков вид согласно закон и друг пропис или од страна на ОДС. Внатрешниот приклучок е во сопственост на корисникот на дистрибутивната мрежа. Корисникот е должен да го одржува внатрешниот приклучок, инсталациите од мерниот уред до сопствениот објект, на сопствен трошок. ОДС не е одговорен за настанување на штети или загрозување на сигурнотоста, безбедноста и квалитетното снабдување со електрична енергија на корисникот, ако истите се предизвикани од неисправност на внатрешниот приклучок на корисникот.“*

Ви стоиме на располагање за било какво дополнително појаснување.
Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
КЕЦ Тетово

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје * КЕЦ Тетово * СКОПЈЕ

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
КЕЦ Тетово
ул.Илирија бб (во Стопански двор)
1200 Тетово
T +389 (0)2 3205 300 - 2529

ELEKTRODISTRIBUCIJA DOOEL Skopje
KEC Tetovo
ul.Ilirija bb (vo Stopanski dvor)
1200 Tetovo
T +389 (0)2 3205 300 - 2529

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА ТЕТОВО - KOMUNA E TETOVËS
Бр.-Nr. 07- 9170/1
14-09 2021 год./viti
ТЕТОВО - TETOVË

Република Северна Македонија
Општина Тетово
Дервиш Цара,68
1200,Тетово

Republika e Maqedonisë së Veriut
Komuna e Tetovës
Dervish Cara, 68
1200,Tetovë

E: info@tetova.gov.mk

22.27.42-9556/1

**Општина Тетово**
**ТППЕ-Тетово**

**До:**
**МВР - СВР Тетово**

**Предмет : Известување**

На ден 08.09.2021г во **21час и 02 мин** од страна на пријавител со тел.Бр 075/200-304 бевме известени и по кажување на пријавителот дека гори Инфективно одделение при Клиничкиот центар во Тетово, веднаш е даден аларм од страна на диспечерот и хитно е излезено со 3 ПП возила од кои едно навално и две пратечки. Во првото ПП возило биле вклучени 7 пожарникари, а во секое пратечко возило имало вкупно 5 пожарникари и по наредба од командирот на вод вклучени се уште 4 ПП возила со уште 4 пожарникари. На лице место е пристигнато во **21:07ч** истовремено напоменуваме дека имавме тежок проход од влезот на клиничката болница до лице место, односно до модуларната болница, заради непрописно паркирани возила. Од наша страна при пристигнување беше забележено дека од предната страна гледано кон физикална амбуланта се гледаше пламен и чад, истовремено се гледаше пламен од влезната врата на модуларната болница гледано кон заразна болница. Во ист момент почнавме да дејствуваме со линии од две разделници Ф75 на 52 со вкупно три линии. Заради тесниот простор поради објектите третото и четвртото возило беа распоредени од задната страна на објектот гледано кон речното корито, истовремено пожарникарите почнаа со гаснење на пожарот кој исто така беше интензивен со многу пламен и чад, и истовремено се чуствуваше висока температура по кажување на сите пожарникари кои беа вклучени во гаснење на пожарот. Напоменуваме дека заради наведената висока температура во никој случај не можевме да се доближиме до внатрешноста на опожарениот објект. Во еден момент додека се интервенираше во делот накај заразно одделение се слушна звук во форма на детонација, а во тој дел беше и спратната табла за снабдување со електрична енергија, по што ни даде дознаење дека довод на електрична енергија не беше исклучено и ни ги доведуваше и нашите животи дополнително во опасност. Истовремено по кажување на колегите дел од прозорите беа кршени и отворени, а доколку се укажувало потреба за

Бр./Nr. 485 / 9.9 2020

Тетово

Tetovë

ИНФОРМАЦИЈА

INFORMACION

Од ТППЕ ТЕТОВО IV ВОД

Nga NJTKZ TOG

За настанат пожар на ден 08.09.2021 година, на ул. Клинички центар (м... болница) Општина ТЕТ...

Për zjarrin e ndodhur të ditës viti, në rr. Komuna

Пријавата е примена во 21^02

Paraqitja është pranuar më

Пожарот е настанат во време од

Zjarri ka ndodhur në kohë

Пристигнато на лице место 21^07

Arritja në vendngjarje

Пожарот е локализиран 21^30

Zjarri është lokalizuar

Пожарот е ликвидиран 21^45

Zjarri është likuiduar

ПОДАТОЦИ ЗА ОБЈЕКТОТ:

TË DHËNAT PËR OBJEKTIN:

Настанат пожар на објектот МОДУЛАРНА КОВИД БОЛНИ...

Ndodhia e zjarrit në objekt

Опожареност на објектот зафатен целиот обје...

Objekti i përfshirë nga zjarri

Фатена површина ______ m², објектот е изграден од материјал ______

Sipërfaqja e kapluar m², objekti është i ndërtuar nga materiali

и се наоѓа во подрум, приземје, спрат, подкровје, кров ______

dhe ndodhet në podrum, përdhesë, kat, nënkulm, kulm.

Учесници во гаснење на пожарот; пожарникари ______

Pjesëmarrës në shuarjen e zjarrit; zjarrfikës

ПП возила БР 9, 4, 11, 12, 2, 5 и 13

Automjete kundër zjarrit

и други учесници ______

dhe pjesëmarrës të tjerë

Сопственик на објектот е: ______

Pronari i objektit është

Оштетени од пожарот се: ______

Të dëmtuar nga zjarri janë:

Материјална штета ______

Dëmi material

Оштетена ПП техника и опрема ______

Pajisja dhe teknika kundër zjarrit e dëmtuar

ЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
КТОР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ-ТЕТОВО
(назив на организационата единица)
. 22.27.2.3-8785/6
01.2022 година
тово

ДО: ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
ТЕТОВО

СКА : Наша кривична пријава-посебен извештај бр. 22.27.2.3-875/1 од 09.2021 год.

Врз основа на член 280 („Службен весник на Република Македонија" бр. 150/2010 ен 130 став 2 од Правилникот за начинот на вршење на полициските работи („Службен ник на Република Македонија„бр.110/11 бр.____) се поднесува.

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Во врска со вашиот акт барање под горниот број и датум, СВР Тетово го отвува следното известување :

На ден 21.01.2022 година во 10.00 часот од страна на Началникот на ОКП при СВР-ово добив задача да изготвувам службен материјал во врска со Лабараториски наоди во ка со Пожар случен на ден 08.09.2021 година во објектот на модуларна болница Тетово. ако ја добив задачата веднаш го изготвив Известувањето во врска со Лабараториските ди доставени од страна Началникот на ОКТИВ Габабриела Коскоска, а во врска со араториските наоди за изгорената Модуларна Болница Тетово во плик формат А4 со та боја, во прилог на актот ви ги доставуваме Лабараториските наоди со Акт бр.SKO /21 од 14.01.2022 година, доставени од Офицер за врски на Сојузна криминалистичка жба од Германија (ВКА) во Скопје, а во врска со пожар во модуларната COVID болница во зо, од 08.09.2021 година.

окупната службена документација ви ја доставуваме во прилог на известувањето е понатамошно постапување.

Прилог:

абараториските наоди со Акт бр.SKO 057/21 од 14.01.2022 година, доставени од Офицер за ки на Сојузна криминалистичка служба од Германија (ВКА) во Скопје, а во врска со кар во модуларната COVID болница во Тетово...............................................................1,
ен плик формат А4 со жолта боја..............................................................................1,

оситeл: Раметула Јашари

олирал: Началник на ООК
Горан Мисајлоски

Началник на ОКП-Тетово
Идриз Милаими

М.П.

Дадена е наредба на СВР-Тетово за одземање на це... документација во врска со изградбата на модуларната болница, од самата бол... исто така и од правното лице – изведувачот на изградбата.

Основното јавно обвинителство во Тетово, во соработка со Основното јавно обвинителство во Скопје, презема и неопходни мерки и активности, со цел да испита дали постојат и пропусти од страна на одговорните лица во однос на почитување на прописите заштита при работа, а меѓудругото, и на прописите од областа на противпожарната заштита.

Основното јавно обвинителство во Тетово, во соработка со Основното јавно обвинителство во Скопје, имајќи ја во предвид итноста и карактерот на трагичниот настан, во кој животот го загубија 14 лица, а во соработка и со други надлежни институтции, односно со Дирекција за заштита и спасување, со полициски службеници од ОКТИВ при МВР-Скопје, вешти лица од областа на електротехниката, како и претставници на ЕВН Македонија и нивни вешти лица, ги презема сите неопходни мерки и активности, со цел да спроведе итна истрага, во насока да се утврдат причините за настанатиот пожар и случениот настан.

**ДП/ЗГ**

**ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ОЈО-СКОПЈЕ**

**1. Дејан Петрески**

**2. Зорица Павловиќ**

**ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ОЈО-ТЕТОВО**

**1. Бесир Алиу**

**2. Ханефи Амети**

**3. Лејла Кадриу**

Scanned with CamScanner

**К-ПП.бр.241/21**

**ОСНОВНИОТ СУД ТЕТОВО, преку судијата на претходна постапка БЕТИМ ЈАХЈА** постапувајќи по предлогот за издавање наредба за привремено одземање предмети РО бр.559/21-III од 09.09.2021 година, поради постоење на основи на сомнение дека е сторено кривично дело по чл.288 од КЗ, согласно чл.194 од ЗКП, на ден 09.09.2021 година, донесе

**Н А Р Е Д Б А**

**ПРИВРЕМЕНО ДА СЕ ОДЗЕМАТ предмети – ВИДЕО ЗАПИС ОД БЕЗБЕДНОСНИТЕ КАМЕРИ** поставени на надворешноста на Инфективната клиника КЦ -Тетово, кои камери го покриваат паркингот испред модуларната Ковид болница за временски период од 19:00 часот на ден 08.09.2021 година до 01:00 часот на 09.09.2021 година. Наведениот видео запис да се изработи во програм „Windows Media Player".

По наредбата да се постапи ВЕДНАШ.

Привремено одземените предмети- видео запис да се предадат на правосудната полиција

За привремено одземените предметите-видео запис да се издаде потврда.

**ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО, К-ПП. бр. 241/21 од 09.09.2021 година**

**Судија за претходна постапка**
**БЕТИМ ЈАХЈА**

ПРАВНА ПОУКА: Секој што држи предмети кои треба да се одземат или што можат да послужат како доказ во кривичната постапка, е должен да ги предаде, доколку одбие да ги предаде предметите, ќе се казни со парична казна.

Примил:
09.09.2021

**ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО**
**РО.бр.559/21-IV**
**ТЕТОВО, 09.09.2021 година**

КПП- 242/2021
09.09.21.
12 30

**ДО**
**ОСНОВЕН СУД –ТЕТОВО**
**-Судија на претходна постапка-**

**Врз основа на чл.39 ст.2 и чл.201 ст.4 од ЗКП поднесувам**

**Предлог**

гл. 288

**-за издавање наредба за привремено одземање на техничка снимка-видео запис од безбедносни камери-**

-заради обезбедување на **видео-запис од безбедносни камери Сејфти сопственост на МВР на РСМ поставени на крстосницата на ул.Јане Сандански со ул.Ѓоце Стојчески во Тетово за временски период од 19:00 часот на ден 08.09.2021 до 01:00 часот на 09.09.2021 година.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 08.09.2021 година околу 21:00 ч избувнал пожар во нејасни околности во модуларната Ковид болница во кругот на Клиничкиот центар-Тетово, каде животот го изгубија повеќе лица и е настана поголема материјална штета.

Веројатностите дека од видео записот од безбедносните камери ќе се најдат траги од ибувнатиот пожар, произлегува од добиеното писмено известување од страна на СВР Тетово со рег.бр.22274-8681/1 од 09.09.2021 година.

Од овие причини, бараме судијата на претходна постапка на Судот, издаде наредба за привремено одземање на техничка снимка- **видео-запис од безбедносни камери Сејфти сопственост на МВР на РСМ поставени на крстосницата на ул.Јане Сандански со ул.Ѓоце Стојчески во Тетово за временски период од 19:00 часот на ден 08.09.2021 до 01:00 часот на 09.09.2021 година.**

**Видео записот да биде изработен во програмата "Windous Media Player".**

**ПРИЛОГ: Известување на СВР Тетово рег.бр. бр.22274-8681/1 од 09.09.2021 година.**

**ИК**

**В.д ОСНОВЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
**М-р.Besir Aliu**

663

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
А.бр.03-469
Скопје, 13.9.2021 година

Врз основа на чл.23 ст.5 од Законот за јавното обвинителство („Сл.весник на РСМ" бр.42/20), а по усно барање на в.д. јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство Тетово Бесир Алиу, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, дава

О В Л А С Т У В А Њ Е

Се овластуваат Зорица Павловиќ и Дејан Петрески, дежурни јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Скопје, заедно со јавните обвинители во Основното јавно обвинителство Тетово да преземаат дејствија заради побрзо и поефикасно извршување на увидот и други дејствија во остварувањето на функцијата на кривично гонење согласно чл.31 од Законот за јавното обвинителство за пожарот на 8.9.2021 година во објектот на модуларната болница при ЈЗУ Клиничка болница во Тетово.

Усмено овластување за преземање на дејствијата е издадено на 8.9.2021 година.

ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Љубомир Јовески

Доставено до :

- Основно јавно обвинителство Тетово и
- Основно јавно обвинителство Скопје

Scanned with CamScanner

662

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
СКОПЈЕ
Примено: 15 09 21
Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
А.бр.03-469
Скопје, 13.9.2021 година

ДО

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

С К О П Ј Е

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија приложено доставува овластување А.бр.03-469 за да се здружи кон предметот оформен за пожарот во објектот на модуларната болница при ЈЗУ Клиничка болница во Тетово.

ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Љубомир Јовески

ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * PROKURORIA PUBLIKE E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT * SKOPJE * SHKUP
Република Северна Македонија * Republika e Maqedonisë së Veriut

Scanned with CamScanner

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СВР-Тетово
ОКП-Тетово
(назив на организациона единица)
бр. 225
09.04.2021 година
Тетово

Врз основа на член 57 став 2 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија,“ број 114/06) се издава

# П О Т В Р Д А
## за привремено одземени предмети

На ден 09.04.21 година, во 14:00 часот, во Кл. Центар - Тетово од лицето Артан Етеми, роден-а на 28.11.79 година, во Тетово со постојано живеалиште во Тетово на ул. 29 Ноември бр. 52, полицискиот службеник Владимир Петровски привремено ги одзеде следните предмети:

(дадени според нивните општи или индивидуални карактеристики по број, вид, марка или одреден квалитет).

1. Снимки од безбедносни камери (канал 8 и 11)
2. во времето од 19:00 на 08.04.2021 до 07 на 09.04.2021.
3. 
4. 
5. 
6. 
7. 
8. 
9. 
10. 

Заклучно со реден број 1 (со букви) Еден

Наведените предмети се предмет на:
Врз основа на наредба бр. КПП 241/21
(основ по кој е извршено одземањето)

Настанот е заведен во Книга за дневни настани под број: 3989

предметите ги одзел:
полициски службеник

предметите се одземени од:
Артан Етеми
л.к.бр. Г1094934
издадена од СВР-Тетово
и ЕМБГ 470067

м.п.

Email на 06.07.2022 со 124351

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
КО.бр. 531/22
ТЕТОВО, 6.07.2022 година

ДО

ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА
РЕПУБЛИКА С.МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

**ПРЕДМЕТ:** Известување, со барање согласност.

На 11.05.2022 година, од страна на Јавните обвинители на ОЈО-Тетово, Бесир Алиу и Ханефи Амети и ОЈО-Скопје, Дејан Петрески и Зорица Павловиќ, по однос на предметот оформен во ОЈО-Тетово, РО.бр.559/21, а во врска со настанатиот пожар во Модуларната болница при ЈЗУ Клиничка болница во Тетово, откако истиот беше на реферирање во Јавното обвинителство на Република С.Македонија, во состав од Јавниот обвинител Љубомир Јовески, Јавните обвинители во Јавното обвинителство на Република С.Македонија Ацо Колески, Соња Симовска Јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република С.Македонија, Мустафа Хајрулаху – Виш јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство во Скопје, Исљам Абази – Виш јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство во Гостивар и Наталија Тасевска – Јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство во Скопје, а по реферирањето на истиот ден и по едногласното одлучување во врска со правната квалификација на кривично-правниот настан, како и со одредени правни прашања, беше одлучено да предметот од уписникот 'РО', овој кривично-правен настан, се презаведе во уписникот 'КО' во Основното јавно обвинителство во Тетово, против: Фљорин Бесими и Артан Етеми, за по едно кривично дело **ТЕШКИ ДЕЛА ПРОТИВ ОПШТАТА СИГУРНОСТ по чл.292 ст.4 в.в. со чл.288 ст.4 в.в. со ст.2 од Кривичниот Законик,** против Бобан Вучевски за кривично дело **ТЕШКИ ДЕЛА ПРОТИВ ОПШТАТА СИГУРНОСТ по чл.292 ст.4 в.в. со чл.288 ст.4 в.в. со ст.1 од Кривичниот Законик,** додека за обвинетото правно лице ЈЗУ Клиничка болница во Тетово, за кривично дело **ТЕШКИ ДЕЛА ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ ОПШТА ОПАСНОСТ по чл.288 ст.5 в.в. со ст.4 в.в. со ст.2** и кривично дело **НЕПОСТАПУВАЊЕ СПОРЕД ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРОПИСИ ЗА ВРЕМЕ НА ЕПИДЕМИЈА по чл.206 ст.2 в.в. со ст.1 од Кривичниот Законик.**

По реферирање на кривично-правниот настан, Јавните обвинители веднаш извршија презаведување на предметот од уписникот 'РО' во уписникот 'КО', по што е формиран предмет КО.бр.531/22 и пристапија кон изготвување на обвинителниот предлог.

Притоа, при процесот на изготување на јавнообвинителската одлука, увидено е дека по однос на обвинетиот Бобан Вучевски, за кого пред Комисијата е реферирано за сторено кривичното дело **ТЕШКИ ДЕЛА ПРОТИВ ОПШТАТА СИГУРНОСТ по чл.292 ст.4 в.в. со чл.288 ст.4 в.в. со ст.1 од Кривичниот Законик,** па при изработувањето, дејствијата што ги презел обвинетиот Бобан, не можат да се подведат под законското

битие на горенаведеното кривично дело, бидејќи со непостапувањето на обвинетиот Бобан Вучевски како одговорно лице - раководител на Модуларната болница, за време на епидемија, не постапил според прописите и наредбите со кои се определуваат мерки за нејзино сузбивање и спречување и не постапил согласно наредбата од медицинскиот директор при ЈЗУ Клиничка болница во Тетово – обвинетиот Фљорин Бесими за забрана на посета на неовластени лица во болничките простории поради појава на сезонски грип и глобални случувања со Covid-19, заведена под бр.02-1684/2 од 29.07.2021 година, дозволил влез на неовластени лица во Модуларната болница и тоа (надворешните луѓе), се дејствија кои не можат да се подведат под дејствијата содржани во чл.288, односно дејствието ‘општоопасно дејствие’, согласно Кривичниот Законик, дефинирано како дејствие со кое се ослободува природна или вештачки создадена енергија, чие што натамошно ширење и дејствување е надвор од контролирачката моќ на сторителот, со оглед на тоа дека овие дејствија што ги презел обвинетиот, се дејствија кои не можат да предизвикаат причинско-последична врска со настанатиот пожар.

Единствено што може да се подведат овие дејствија за кривично-правниот настан во Модуларната болница, се содржани во целост елементите на кривичното дело **НЕПОСТАПУВАЊЕ СПОРЕД ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРОПИСИ ЗА ВРЕМЕ НА ЕПИДЕМИЈА по чл.206 ст.1 од Кривичниот Законик,** бидејќи обвинетиот Бобан Вучевски како одговорно лице - раководител на Модуларната болница, за време на епидемија, не постапил според прописите и наредбите со кои се определуваат мерки за нејзино сузбивање и спречување и не постапил согласно наредбата од медицинскиот директор при ЈЗУ Клиничка болница во Тетово – обвинетиот Фљорин Бесими за забрана на посета на неовластени лица во болничките простории поради појава на сезонски грип и глобални случувања со Covid-19, заведена под бр.02-1684/2 од 29.07.2021 година.

Бараме од Вас, како Јавни обвинители кои учествуваа во референрањето на кривично-правниот настан, за горе наведеното барање, Ваша согласност единствено по однос на обвинетиот Бобан Вучевски.

**ДП/ЗГ**

**ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ОЈО-СКОПЈЕ**

**1. Дејан Петрески**

**2. Зорица Павловиќ**

**ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ОЈО-ТЕТОВО**

**1.Бесир Алиу**

**2. Ханефи Амети**

**ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО**
**КО.бр. 531/22**
**ТЕТОВО, 21.06.2022 година**

**ДО**
**ОСНОВЕН СУД - ТЕТОВО**

Врз основа на чл.39 ст.2 алинеја 9 в.в со чл.469 ст.1 и в.в со чл.471 ст.1 од ЗКП, поднесувам

**О Б В И Н И Т Е Л Е Н   П Р Е Д Л О Г**

**ПРОТИВ:**

**1. Ф. Б.,** од татко ----------, роден на --.--.---- година во -------- по лична карта на ул.-----------------'бр.--, а живее на ул.------------ бр.--, со ЕМБГ -------------------, --------------, - -----------------------------------, --------, државјанин на Република С.Македонија, неосудуван, друга постапка против него не се води, вработен -------------------------- во ЈЗУ Клиничка болница во Тетово;

**2. А.Е.,** од татко -------, роден на --.--.----- година во -----------------------------, а живее во --------- на ул.------------------- бр.--, со ЕМБГ -------------------, ------------------, државјанин на Република С.Македонија, ----------------------------, неосудуван, друга постапка против него не се води, вработен ---------------------------- во ЈЗУ Клиничка болница во Тетово;

**3. Б. В.,** од татко ----------------------, роден на --.--.----- година во --------- каде и живее на ул.---------------------- бр.--, со ЕМБГ ------------------------, -------------, државјанин на Република С.Македонија, ------------------------------------------, неосудуван, друга постапка против него не се води, вработен во ЈЗУ Клиничка болница ---------------------------------------------------------------, и

**4. -------------------------------------------------------------------,** со седиште на ул.----------------------- бр.--, со ЕМБС ---------------- и ЕДБ ----------------------.

**ЗАТОА ШТО:**

Во временскиот период од 14.04.2021 година до 8.09.2021 година во Модуларната болница во Тетово, лоцирана во кругот на обвинетото правно лице ----------------------------------------------, со седиште на ул.---------------------------бр.--, обвинетите Ф. Б., како службено лице - ---------------------------------, А. Е., како службено лице - ---------------------------------------- и обвинетото правно лице, не поставиле пропишани уреди за заштита од пожар, без да бидат свесни за можноста од настапување на штетна последица, иако според околностите и своите лични својства биле должни и можеле да бидат свесни дека може да настапи штетна последица, и со тоа предизвикале опасност за животот и телото на луѓето и тоа пациентите болни од Covid-19: Н А., Џ.Б., В.Б., С.К., Т. В., М.А., Н. Т., Х.Е., С.В., Р.Е., Р.С., М.Д., А.И., Ш.С., Р.А., А.К., Т.М., А.А., Т.П., М.М., Ф.Ш., С.И., М.Р., Х.Ш., Д.Ќ., Б.Д. и членови на нивните семејства, како придружници на болните од Covid-19: З.Б., А.Ш., В.П.С., М.Ј., Б.Д., К.Д., О.Д., М.И., Р.С., И.Ш. и О.В., кои што биле затекнати во моментот на случување на пожарот, при што настапила смрт на 12 пациенти болни од Covid-19 и тоа: Хасије Шехаби, чија смрт е насилна и настапила како резултат на ----------------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
---------, дошло до нарушување и престанок на работата на витално-важни органи и настапување на смртен исход, Ахтеме Исмаили, чија смрт е насилна и настапила како резултат на ---------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------, дошло до нарушување и престанок на работата на витално-важни органи и настапување на смртен исход, Џемаил Биљали, чија смрт е насилна и настапила како резултат на -------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------, дошло до нарушување и престанок на работата на витално-важни органи и настапување на смртен исход, Назлиша Адеми, чија смрт е насилна и настапила како резултат на
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------- кои предизвикале пореметување и престанок на функционирањето на витално-важни органи и смрт, Хаки Емши, чија смрт е насилна и настапила како резултат на --------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------, дошло до нарушување и престанок на работата на витално-важни органи и настапување на смртен исход, Расим Емши, чија смрт е насилна и настапила како резултат на -------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------предизвикале пореметување и престанок на функционирањето на витални органи, со што настапил смртен исход, Небије Терзија, чија смрт е насилна и настапила како резултат на -------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------ довеле до нарушување на функцијата на важно-витални органи и смртен исход, Мукадеса Алија, чија смрт е насилна и настапила како резултат на -------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------, довеле до нарушување на функцијата на виталните органи и смртен исход, Ферди Шаќири, чија смрт е насилна и настапила како резултат на -----------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------, дошло до пореметување на функцијата на важно-виталните органи и настапување на смртен исход, Селвије Идризи, чија смрт е насилна и настапила како резултат на ----------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------, дошло до пореметување на функцијата на важните витални органи и настапување на смртен исход, Ремзи Ајрулаи, чија смрт е насилна и настапила како резултат на --------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------кои довеле до нарушување на функцијата на виталните органи и смртен исход, Раиф Селмани, чија смрт е насилна и настапила како резултат на -----------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------

дошло до нарушување и престанок на функцијата на витално-важни органи што резултирало со настапување на смртен исход и две лица членови на семејство, како придружници на болните од Covid-19 и тоа: Зарифе Биљали, чија смрт е насилна и настапила како резултат на --------
------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------довеле до нарушување на функцијата на важно-витални органи и смртен исход и Армина Шехаби, чија смрт е насилна и настапила како резултат на ---------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------- што предизвикало нарушување и престанок на функцијата на витално-важни органи и настапување на смртен исход, **на начин што** обвинетите Ф.Б., А. Е. и обвинетото правно лице ----------------- ---------------------, не постапиле согласно мерките и активностите кои произлегуваат од договорот за заем бр.------------------, склучен помеѓу Република С.Македонија и Меѓународна банка за обнова и развој – Светска Банка, прогласен со Указ за прогласување на Законот за задолжување на Република С.Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска Банка, по договорот за заем за финансирање на проектот за итно справување со Covid-19 во Република С.Македонија, бр.------------------- од --.--.----- година од Собранието на Република С.Македонија, односно согласно Планот за управување со животна и социјална средина, како и согласно чл.75 од Законот за заштита и спасување (‘Службен весник на РСМ’бр.36/2004, бр.49/2004, бр.86/2008, бр.124/10, бр.18/11, бр.41/14, бр.129/15, бр.81/16, бр.106/16 и бр.83/18) според кој, иако биле должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, на денот на пуштање во употреба на Модуларната болница во Тетово, па се до денот на настанување на пожарот во Модуларната болница, не поставиле соодветни уреди за заштита од пожар – противпожарни апарати, па како резултат на нивното непостапување, на ден 8.09.2021 година околу 21:00 часот и како последица од настанатата куса врска преку висок преоден отпор во приклучниот кабел од дефибрилаторот со кој се вршела реанимација на пациент Марија Димовска, во соба број 3, кревет број 1, од прегревање на кабелот настанало палење на приклучната кутија од продолжниот кабел на синтетичките материјали од кои се изработени втикнувачите, полначот за мобилен телефон и куќиштето од продолжниот кабел, па по воочената појава на пламен, настанало бурно ширење на

пожарните дејствија од соба број 3 кон соба број 2 и потоа по целиот објект, простирајќи се по кровните панели спрема ниските предели на панелните ѕидови и болничкиот инвентар и додека присутниот медицински персонал д-р М. Т., д-р Ш.А.З. и медицинските сестри Н. Ќ., М.А.К. и Б. Ѓ. и болничарката С. Г., направиле обид да го изгаснат пожарот, при што д-р М.Т. и д-р Ш.А.З. и медицинската сестра Н. Ќ. најпрвин барале противпожарни апарати, па откако не успеале да најдат во Модуларната болница, д-р М. Т. фрлил навлажнето ќебе да го изгасне огинот а потоа отишол до тоалетот на оддалеченост од околу 10 метри од собата каде што избувнал пожарот, наполнил кофа со вода и ја истурил на креветот и на ѕидот, но сите во обидот да го изгаснат огнот не успеале, по што се развиле пожарни дејствија и пожарот за краток период се проширил по целиот објект, па како резултат на настанатиот пожар, горенаведените пациенти болни од Covid-19 и членовите на нивните семејства, погоре наведени, како придружни лица починале, а обвинетиот Б. В., како одговорно лице - -----------------------------------, за време на епидемија не постапил според прописите и наредбите со кои се определуваат мерки за нејзино сузбивање и спречување и не постапил согласно наредбата донесена од страна на медицинскиот директор при ЈЗУ Клиничка болница во Тетово, врз основа на чл.31 од Статутот на ЈЗУ Клиничка болница Тетово и Одлука од Комисија за заразни болести бр. -------- од --.--.----- година од Министерство за здравство на РСМ, за забрана на посета на неовластени лица во болничките простории, поради појава на сезонски грип и глобални случувања со Covid-19, заведена под бр.------------- од --.--.--------- година и дозволил влез на неовластени лица – членови на семејствата на болните од Covid-19, како придружници, во Модуларната болница.

Со кои дејствија обвинетите Ф.Б. и А.Е. сториле по едно кривично дело **ТЕШКИ ДЕЛА ПРОТИВ ОПШТАТА СИГУРНОСТ по чл.292 ст.4 в.в. со чл.288 ст.4 в.в. со ст.2 од Кривичниот Законик,** обвинетиот Б. В. сторил кривично дело **НЕПОСТАПУВАЊЕ СПОРЕД ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРОПИСИ ЗА ВРЕМЕ НА ЕПИДЕМИЈА по чл.206 ст.1 од Кривичниот Законик,** додека обвинетото правно лице - ---------------------------------- сторило кривично дело **ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ ОПШТА ОПАСНОСТ по чл.288 ст.5 в.в. со ст.4 в.в. со ст.2** и кривично дело **НЕПОСТАПУВАЊЕ СПОРЕД ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРОПИСИ ЗА ВРЕМЕ НА ЕПИДЕМИЈА по чл.206 ст.2 в.в. со ст.1 од Кривичниот Законик,** поради кое

**П р е д л а г а м**

Основниот суд во Тетово, согласно чл.31 од Законот за судови и чл.24 и чл.25 од ЗКП, да закаже и одржи главна расправа, на која да ги кани:

(ЛИСТА НА ДОКАЗИ)

По завршување на главната расправа и изведување на предложените докази, предлагам обвинетите да се огласат за виновни и казнат по Закон, за кривичните дела што им се ставаат на товар.

**ДП/ЗГ**

**ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
**Бесир Алиу**

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД ТЕТОВО,**како првостепен кривичен суд со судијата **ЈОРДАН ВЕЛКОВСКИ** - како судија поединец ,со записничарот **БОЖИНОВСКА АНЃЕЛИНА** одлучувајќи по обвинителниот предлог на ОЈО Тетово КО.бр 531/21 од 14.07.2022 година, спрема обвинетите **ФЉОРИН БЕСИМИ** и **АРТАН ЕТЕМИ** двајцата од Тетово **за по едно кривично дело ТЕШКИ ДЕЛА ПРОТИВ ОПШТАТА СИГУРНОСТ по чл.292 ст.4 в.в. со чл.288 ст.4 в.в. со ст.2 од КЗ, БОБАН ВУЧЕВСКИ** од Тетово за кривичното дело **НЕПОСТАПУВАЊЕ СПОРЕД ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРОПИСИ ЗА ВРЕМЕ НА ЕПИДЕМИЈА по чл.206 ст.1 од КЗ и правното лице Јавна здравствена установа Клиничка болница во Тетово** за по едно кривично дело **ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ ОПШТА ОПАСНОСТ по чл.288 ст.5 в.в. со ст.4 в.в. со ст.2 од КЗ и НЕПОСТАПУВАЊЕ СПОРЕД ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРОПИСИ ЗА ВРЕМЕ НА ЕПИДЕМИЈА по чл.206 ст.2 в.в со ст.1 од К,** ,по одржаната, главна, јавна и усмена расправа, во присуство на Јавниот обвинител М-р Ханифи Амети , полномошниците на оштетените - Адвокатите: Вулнет Пачуку Марјан Гавриловски , Гоце Несторовски , Кирил Угриновски и Дивна Павловска , бранителите на обвинетите - Адвокат Илчо Гавровски и Емил Мустафа -за обвинетиот Флорин , Самоил Филиповски - за обвинетиот Артан , Дарко Котевски -за обвинетиот Бобан и Адвокат- Методија Димитровски - за правното лице , овластениот преставник на правното лице Јован Станоевиќ и обвинетите на ден 05.06.2023 година ја донесе и јавно објави следната:

**ПРЕСУДА**
**I.**

**ОБВИНЕТИТЕ:**

**1. ФЉОРИН БЕСИМИ,** од татко Исљам, роден на 20.03.1974 година воТетово по лична карта на , со ЕМБГ , Албанец, со завршено високо образование, женет, државјанин на Република С.Македонија, неосудуван, друга постапка против него не се води, вработен како медицински директор во ЈЗУ Клиничка болница во Тетово;

**2. АРТАН ЕТЕМИ,** од татко Сали, роден на 28.11.1979 година во - а живее во , со ЕМБГ Албанец, државјанин на Република С.Македонија, со завршено високо образование, неосудуван, друга постапка против него не се води, вработен како организациски директор во ЈЗУ Клиничка болница во Тетово;

**1. Јавна здравствена установа Клиничка болница во Тетово,** со седиште на ул.'29-ти Ноември'бр.16, со ЕМБС 6060854 и ЕДБ 4028006145724;

**ВИНОВНИ СЕ**

**ЗАТОА ШТО:**

Во временскиот период од 14.04.2021 година до 8.09.2021 година во Модуларната болница во Тетово, лоцирана во кругот на обвинетото правно лице ЈЗУ Клиничка болница во Тетово, со седиште на ул.'29-ти Ноември'бр.16, обвинетите Фљорин Бесими, како службено лице - медицински директор, Артан Етеми, како службено лице - организациски директор и обвинетото правно лице, не поставиле пропишани уреди за заштита од пожар, без да бидат свесни за можноста од настапување на штетна последица ,иако според околностите и своите лични својства биле должни и можеле да бидат свесни дека може да настапи штетна

последица, и со тоа предизвикале опасност за животот и телото на луѓето и тоа пациентите болни од Covid-19: Назлиша Адеми, Џемаил Билали, Велика Биковска, Снежана Каранфиловска, Трпе Веселиновски, Мукадеса Алија, Неврије Терзија, Хаки Емши, Снежана Василевска, Расим Емши, Раиф Селмани, Марија Димовска, Ахтеме Исмаили, Шафи Салихи, Ремзи Абдулаи, Александар Костески, Тони Михајловски, Алинаџи Амети, Томислав Петрушевски, Маир Мустафи, Ферди Шаќири, Селвије Идризи, Махфирет Рамадани, Хасије Шехаби, Дритан Ќамили, Бранко Делевски и членови на нивните семејства, како придружници на болните од Covid-19: Зарифе Билали, Армина Шехаби, Виолета Петрушевска-Савиќ, Маја Јовановска, Бобан Димовски, Катица Димовска, Олгица Делевска, Мумин Исмаили, Рами Селмани, Имране Шаќири и Оливера Веселиновска, кои што биле затекнати во моментот на случување на пожарот, при што настапила смрт на 12 пациенти болни од Covid-19 и тоа: Хасије Шехаби, чија смрт е насилна и настапила како резултат на изгореници од втор и трет степен на главата, телото и екстремитетите, констатирано присуство на гареж во дишните органи и во почетниот дел на дигестивниот систем, што укажува дека изгорениците се настанати за животно, како резултат на кои изгореници и вдишување на токсични гасови кои се создавале при горењето на објектот, дошло до нарушување и престанок на работата на витално-важни органи и настапување на смртен исход, Ахтеме Исмаили, чија смрт е насилна и настапила како резултат на изгореници од четврти степен и присуство на гареж во дишните органи и почетниот дел на дигестивниот систем, што укажува дека изгорениците се настанати за животно, како резултат на кои изгореници и вдишување на токсични гасови кои се создавале при горење на објектот, дошло до нарушување и престанок на работата на витално-важни органи и настапување на смртен исход, Џемаил Биљали, чија смрт е насилна и настапила како резултат на опсежни изгореници на целото тело од трет и четврти степен, присуство на гареж во дишните органи и почетниот дел на дигестивниот систем, што укажува дека изгорениците се настанати за животно како резултат на кои изгореници и вдишување на токсичните гасови кои се создавале при горењето на објектот, дошло до нарушување и престанок на работата на витално-важни органи и настапување на смртен исход, Назлиша Адеми, чија смрт е насилна и настапила како резултат на изгреници од трет и четврти степен на целото тело, присуство на гар во душникот и хранопроводот, што укажува на за животно настанување на изгорениците кои на целото тело предизвикале пореметување и престанок на функционирањето на витално-важни органи и смрт, Хаки Емши, чија смрт е насилна и настапила како резултат на опсежни изгореници на целото тело од трет и четврти степен, присуство на гареж во дишните органи и почетниот дел на дигестивниот систем, што укажува дека изгорениците се настанати за животни, како резултат на кои изгореници и вдишување на токстични гасови кои се создавале при горењето на објектот, дошло до нарушување и престанок на работата на витално-важни органи и настапување на смртен исход, Расим Емши, чија смрт е насилна и настапила како резултат на изгореници на целото тело од трет и четврти степен, кои масивни изгореници настанати за животно, предизвикале пореметување и престанок на функционирањето на витални органи, со што настапил смртен исход, Небије Терзија, чија смрт е насилна и настапила како резултат на термичко оштетување, односно делување на пламен, изгореници од трет и четврти степен, доминантно четврти степен, со присуство на гареж во дишните патишта и хранопроводот, кои опсежни повреди по целото тело и вдишувањето на гасови кои се ослободиле во текот на согорувањето, довеле до нарушување на функцијата на важно-витални органи и смртен исход, Мукадеса Алија, чија смрт е насилна и настапила како резултат на јагленисување, изгоретини од трет и четврти степен по целото тело и присуство на гареж по целата должина на бронхијалното стебло, како резултат на кое јагленисување и вдишување на гасовите кои се ослободиле во текот на согорувањето, довеле до нарушување на функцијата на виталните органи и смртен исход, Ферди Шаќири, чија смрт е насилна и настапила како резултат на изгореници

од прв, втор и трет степен по целото тело, како резултат на кои изгореници и вдишувањето на гасовите кои се ослободиле во текот на согорување, дошло до пореметување на функцијата на важно-виталните органи и настапување на смртен исход, Селвије Идризи, чија смрт е насилна и настапила како резултат на задобиените изгореници од прв и втор степен по целото тело, како резултат на кои и вдишување на гасовите кои се ослободиле во текот на согорувањето, дошло до пореметување на функцијата на важните витални органи и настапување на смртен исход, Ремзи Ајрулаи, чија смрт е насилна и настапила како резултат на задобиени термички оштетувања – изгоретини по целото тело од втор, трет и четврти степен и присуство на гареж по целата должина на бронхијалното стебло, вдишување на гасовите кои се ослободиле во текот на согорувањето и опсежните опекотини по целото тело кои довеле до нарушување на функцијата на виталните органи и смртен исход, Раиф Селмани, чија смрт е насилна и настапила како резултат на неуроген шок заради изгореници и вдишување на гасовите кои се ослободиле во текот на согорувањето, како резултат на тој неуроген шок дошло до нарушување и престанок на функцијата на витално-важни органи што резултирало со настапување на смртен исход и две лица членови на семејство, како придружници на болните од Covid-19 и тоа: Зарифе Биљали, чија смрт е насилна и настапила како резултат на термичко оштетување, односно делување на пламен, изгореници од прв, втор, трет и четврти степен, доминантен четврти степен со присуство на гареж во дишните патишта и хранопроводот, кои опсежни повреди по целото тело и вдишување на гасови кои се ослободиле во текот на согорувањето, довеле до нарушување на функцијата на важно-витални органи и смртен исход и Армина Шехаби, чија смрт е насилна и настапила како резултат на труење со јаглерод-моноксид и тоа во концентрација од 10.54 vol% CO и на карбокси хемоглобин 42.14% HbCO, што довело до тешко нарушување на снабдувањето со неопходниот кислород за нормално функционирање на организмот, изгореници на кожата од прв и втор степен на околу 30% од површината на телото, кое труење со јаглерод моноксид довело до тешко нарушување на нормалното снабдување на ткивата со кислород, што предизвикало нарушување и престанок на функцијата на витално-важни органи и настапување на смртен исход, на начин што обвинетите Фљорин Бесими, Артан Етеми и обвинетото правно лице ЈЗУ Клиничка болница во Тетово, не постапиле согласно мерките и активностите кои произлегуваат од договорот за заем бр.9109-МК, склучен помеѓу Република С.Македонија и Меѓународна банка за обнова и развој – Светска Банка, прогласен со Указ за прогласување на Законот за задолжување на Република С.Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска Банка, по договорот за заем за финансирање на проектот за итно справување со Covid-19 во Република С.Македонија, бр.08-3577/1 од 13.10.2020 година од Собранието на Република С.Македонија, односно согласно Планот за управување со животна и социјална средина, како и согласно чл.75 од Законот за заштита и спасување ('Службен весник на РСМ'бр.36/2004, бр.49/2004, бр.86/2008, бр.124/10, бр.18/11, бр.41/14, бр.129/15, бр.81/16, бр.106/16 и бр.83/18) според кој, иако биле должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, на денот на пуштање во употреба на Модуларната болница во Тетово, па се до денот на настанување на пожарот во Модуларната болница, не поставиле соодветни уреди за заштита од пожар – противпожарни апарати, па како резултат на нивното непостапување, на ден 8.09.2021 година околу 21:00 часот и како последица од настанатата куса врска преку висок преоден отпор во приклучниот кабел од дефибрилаторот со кој се вршела реанимација на пациент Марија Димовска, во соба број 3, кревет број 1, од прегревање на кабелот настанало палење на приклучната кутија од продолжниот кабел на синтетичките материјали од кои се изработени втикнувачите, полначот за мобилен телефон и куќиштето од продолжниот кабел, па по воочената појава на пламен, настанало бурно ширење на пожарните дејствија од

соба број 3 кон соба број 2 и потоа по целиот објект, простирајќи се по кровните панели спрема ниските предели на панелните ѕидови и болничкиот инвентар и додека присутниот медицински персонал д-р Мустаф Таири, д-р Шпенза Арифи-Зеќири и медицинските сестри Надире Ќамили, Мунибе Абдули-Касами и Билјана Ѓорѓевска и болничарката Светлана Галовска, направиле обид да го изгаснат пожарот, при што д-р Мустаф Таири и д-р Шпенза Арифи-Зеќири и медицинската сестра Надире Ќамили најпрвин барале противпожарни апарати, па откако не успеале да најдат во Модуларната болница, д-р Мустаф Таири фрлил навлажнето ќебе да го изгасне огинот а потоа отишол до тоалетот на оддалеченост од околу 10 метри од собата каде што избувнал пожарот, наполнил кофа со вода и ја истурил на креветот и на ѕидот, но сите во обидот да го изгаснат огнот не успеале, по што се развиле пожарни дејствија и пожарот за краток период се проширил по целиот објект, па како резултат на настанатиот пожар, горенаведените пациенти болни од Covid-19 и членовите на нивните семејства, погоре наведени, како придружни лица Зарифе Билали и Админа Шехаби починале.

-Со кои дејствија обвинетите Фљорин Бесими и Артан Етеми сториле по едно кривично дело **ТЕШКИ ДЕЛА ПРОТИВ ОПШТАТА СИГУРНОСТ по чл.292 ст.4 в.в. со чл. 288 ст.4 в.в.со ст.2 од КЗ а правното лице кривичното дело ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ ОПШТА ОПАСНОСТ по чл. 288 ст.5 в.в.со ст.4 в.в.со ст.2 од КЗ.**

Согласно чл. 33,35 и 39 од КЗ, на обвинетите Фљорин и Артан им се :

**УТВРДУВА**

Казна затвор во траење од по 1-Една година и 6-Шест месеци.

Согласно чл. 49 и 50 од КЗ им с е изрекува :

**УСЛОВНА ОСУДА**

Утврените казни нема да се изврши доколку обвинетите , секој за себе во време од 3-Три години не стори ново кривично дело.

Согласно чл. 96 -а ,96-ѓ и 96-е од КЗ, правното лице се.

**ОСУДУВА**

На парична казна во висина од 1.000.000,00 денари.

Паричната казна да ја плати во рок од 30 дена по правосилнсота на пресудата, во спротивно присилно ќе се изврши.

**ДА ПЛАТАТ**

Секој, на име кривичен паушал сума во износ од по 4000 денари во рок од 30 дена по правосилноста на пресудата.

Солидарно на име трошоци на постапката сума во износ од 1.311.850,00 денари во рок од 30 дена по правосилноста на пресудата.

Оштетените :Велика Биковска, Снежана каранфиловска, Александар Костевски, Тони Михајловски, Томислав Петрушевски, Трпе Веселиновски, Снежана Василевска, Шафи Салихи, Алинаџи Амети, Маир Мустафи , Макфирет Рамадани и зак. застапници на сега покојните Назлиша Адеми, Џемаил Билали, Залифе Билали, Мукадеса ,Алија, Хаки Емши, Расим Емшин, Раиф Селмани, Ахтеме Исмаили, Ремзи Ајрулаи, Ферди Шаќири, Селвије Идризи, Хасије Шехаби, Армина Шехаби и Небије Терзија, за своите оштетни побарувања се упатуваат на спор.

II.

**ОБВИНЕТИТЕ:**

**1.БОБАН ВУЧЕВСКИ,** од татко Светислав, роден на 21.11.1986 година во Тетово со ЕМБГ Македонец, државјанин на Република С.Македонија, со завршено високо образование, неосудуван, друга постапка против него не се води, вработен во ЈЗУ Клиничка болница како доктор – кардиолог, .

**2.ЈЗУ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА ТЕТОВО**

**СЕ ОСЛОБОДУВААТ ОД ОБВИНЕНИЕ**
**- Согласно чл.403 ст.1 т.3 од ЗКП-**

**ЗАТОА ШТО:**

Обвинетиот Бобан Вучевски, како одговорно лице - раководител на Модуларната болница, за време на епидемија не постапил според прописите и наредбите со кои се определуваат мерки за нејзино сузбивање и спречување и не постапил согласно наредбата донесена од страна на медицинскиот директор при ЈЗУ Клиничка болница во Тетово – обвинетиот Фљорин Бесими, врз основа на чл. 31 од Статутот на ЈЗУ Клиничка болница Тетово и Одлука од Комисија за заразни болести бр. 09-208/1 од 25.02.2020 год, од Министерството за здраство на РСМ за забрана на посета на неовластени лица во болничките простории, поради појава на сезонски грип и глобални случувања од Covid-19, заведена под бр.02-1684/2 од 29.07.2021 година и дозволил влез на неовластени лица – членови на семејствата на болните од Covid-19, како придружници во Модуларната болница.

-Со кои дејствија обвинетиот Бобан **БИ** го сторил кривично дело **НЕПОСТАПУВАЊЕ СПОРЕД ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРОПИСИ ЗА ВРЕМЕ НА ЕПИДЕМИЈА по чл.206 ст.1 од КЗ ,** а правното лице **НЕПОСТАПУВАЊЕ СПОРЕД ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРОПИСИ ЗА ВРЕМЕ НА ЕПИДЕМИЈА по чл.206 ст.2 в.в.со ст.1 од КЗ.**

Трошоците на постапката во вкупен износ од 85.800,00 денари во корист на обвинетиот Бобан Вучевски ( награда за неговиот бранител за 11- единаесет застапувања на главна расправа по АТ - 5.000,00 денари оснвица зголемена за 20% часовнина и 30% паушал ) паѓат на товар на буџетот на РСМ.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со обвинителен предлог на ОЈО Тетово КО.бр.531/22 од 14.07.2022 година обвинети се Фљорин Бесими и Артан Етеми - двајцата од Тетово за по едно кривично дело Тешки дела против општата сигрност по чл.292 ст.4 в.в. со чл.288 ст. 4

в.в. со ст.2 од КЗ Бобан Вучевски од Тетово за кривичното дело Непостапување според здравтвените прописи за време на епидемија по чл.206 ст.1 од КЗ и Правното лице ЈЗУ Клиничка болница во Тетово за по едно кривично дело ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ ОПШТА ОПАСНОСТ по чл.288 ст.5 в.в. со ст.4 в.в. со ст.2 и НЕПОСТАПУВАЊЕ СПОРЕД ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРОПИСИ ЗА ВРЕМЕ НА ЕПИДЕМИЈА по чл.206 ст 2 в.в. со ст..1 од Кривичниот Законик.

Постапувајќи по обвинението судот одржа, главна, јавна и усмена расправа на ден 29.05.2023 година во присуство на Јавниот обвинител М-р Ханифи Амети , полномошниците на оштетените- Адвокатите Вулнет Пачуку , Марјан Гавриловски , Гоце Несторовски , Кирил Угриновски , Дивна Павловска , бранителите на обвинетите - Адвокатите Илчо Гавровскии Емил Мифтари- за обвинетиот Флорин,Самоил Филиповски - за обвинетиот Артан , Дарко Котевски - за обвинетиот Бобан и Методија Димитровски- за обвинетото Парвно лице , овластениот преставник Јован Станоевиќ и обвинетите .

Јавниот обвинител во својот завршен збор побара обвинетите да бидат огласени за виновни за делата за кои се товарат и казнети по закон.

Полномошниците на оштетените го подржаа предлогот на јјавниот обвинител и побараа за своите оштетни побарувања да бидат упатени на граѓански спор.

Обвинетите лично и преку нивните бранители, побараа да бидат ослободени од обвинение, затоа што јавниот обвинител надвор од разумно сомневање не докажал дека ги сториле делата за кои се обвинуваат .

Од изведените докази на главната расправа , ценејќи го секој доказ поединечно и во склоп на една целина, судот ја утврди фактичката состојба наведена во диспозитивот на пресудата под римско I, врз основа на следното:

**Фактот** дека на ден 08.09.2021 год. околу 21.00 часот избувнал пожар во Модуларната болница во кругот на ЈЗУ Клиничка болница во Тетово лоцирана на ул,,29 Ноември,, бр.16, не е спорен. Ваквиот факт недвосмислено се утврдува од исказите на сведоците Мустафа Таири , Шпенза Арифи-Зеќири , Оливера Веселиновска ,Надире Ќамили , Виолета Петрушевска, Шаќире Имрани , Муним Исмаили , Мунибе Абдули Касами ,Билјана Ѓорѓевска, Катица Димовска, Бобан Димовски, Рами Селмани и Маја Јовановска кои се јасни и прецизни по однос на оваа околност .

Независно еден од друг, со сигурност наведуваат дека пожарот пламнал во една од болесничките соби во модуларната болница, во моментот кога покрај пациентите биле присатни и повеќе придружници и дека за кратко време се проширил по останатите простории а потоа го зафатил и целиот објект до неговото опожарување .

Неспорноста на ваквиот факт произлегува и од записникот за увид на лице место на ОЈО-Тетово РО.бр. 559/21 од 09.09.2021 год. - во кој е констатиран пожарот како настан, со излегување на лице место во опожарената Модуларна болница и особено од фотодокуметациите на оддел за крим-техника при СВР Тетово бр 1535/2021 год, од 08.09.2021 год, бр 1535-1/2021 од 09.09.2023 год, бр 1581 од 16.09.2021 год, и бр. 1606-2021 год,од 21.09.2021 год, - во кои видно е прикажан изгледот на опожарената модуларна болница по локализирането на пожарот и опожарените предмети во нејзината внатрешност .

**Фактите** сврзани со почетното место на пожарот и причината за истиот, исто така не се спорни.

Дека пожарот избувнал во болничаката соба 3 како последица на куса врска и прегревање на кабелот, недвосмислено се утврдува од наодот и мислењето бр. 22.12.2.3.3.3-84158/1 од 29.09.2021 год. на вештото лице Рубин Бошковски и неговиот исказ даден на главната расправа одржана на ден 06.02.20223 година . Ова вешто лице како долгогодишен искусен вештак, јасно и прецизно наведува дека пожарот избувнал во собата бр.3, кревет број 1 а како последица од настаната

куса врска преку висок преоден отпор во приклучниот кабел од дефлибраторот со кој се вршела реанимација на пациентот Марија Димовска на овој кревет и во оваа соба , од прегревање на кабелот настанало палење на приклучната кутија од продолжениот кабел на синтетичките материјали од кои се изработени втикнувачите, полначот за мобилен телефон и кучиштето од продолжниот кабел и дека по појавата на пламенот настанало брзо ширење на пожарните дејствија прво кон собата бр.2 а потоа и по целиот објект притоа простирајќи се по кровните панели спрема ниските предели на панелните ѕидови и болничкиот инвентар.

**Фактот** дека во настанатиот пожар смртно настрадале вкупно 14 лица - 12 пацинети болни од Ковид -19 и 2 придружни лица , е уште еден неспорен факт .

Ваквата околност недвосмислено се утврдува од фотодокументацијата на оддел за крим техника при СВР Тетово бр 1535/2021 год, од 08.09.2021 год, - во која видно се прикажани камонизирани лешови и лешови од починати лица и особено од писмените извештаии за извршена обдукција на институтот за судска медицина при Медицински факултет Скопје и тоа : извештај СП.бр 18382/258-21 од 09.09.2021 год, - од кој се утврдува дека смрта на пциентот Хасије Шехаби е насилна и настапила како резултат на изгореници од 2 и 3 степен на главата , телото и екстримитетите и присуство на гареж во дишните органи и во почетниот дел на дигестивниот систем ; извештај СП.бр. 18383/259-2021 од 09.09.29021 год,.- од кој произлегува дека смрта на пациентот Ахтеме Исмаили настапила како резултат на изгореници од 4 степен и присуство на гареж во дишните органи и почетниот дел на дигестивниот систем при што дошло до престанок на работата на ритамот - важните органи; извештајот СП.бр. 18381 /257-21 од истиот датум - од кој произлегува дека смрта на пациентот Џемаил Билали е насилна и настапила како резултат на опсежни изгореници на целото тело од 3 и 4 степен , присуство на гареж во дишните органи и почетниот дел на дигестивниот систем при што дошло до нарушување и престанок на работата на витално - важните органи, извештајот бр. 18385/261/21 од 09.09.2021 год, - од кој се утврдува дека смрта на пациентот Назлиша Адеми е насилна и дека истата настапила како резултат на изгореници од 3 и 4 степен на целото тело, присуство на гар во душникот и хранопроводот што довело до пореметување и престанок на функционирането на витално - важните органи и смрт ; извештајот Сп.бр. 18384/260 -21 од истиот датум - од кој се утврдува дека смрта на пациентот Хаки Емши е насилна и настапила како резултат на опсежни изгореници на целото тело од 3 и 4 стпен , присуство на гареж во дишните органи и почетниот дел на дигестивниот систем при дошло до нарушување и престанок на работатат на витално - важните органи и настапуване на смртниот исход; извешртајот Сп./бр.18389/265/2 од 09.09.2021 год, - од кој се утврдува дека смрта на пациентот Расим Емши е насилна како резултат на изгореници на целото тело од 3 и 4 стпен , кој предизвикале пореметување и престанок на функционирането на виталните органи со смртен исход ; извештајот СП./бр.18383/264-21 од 09.09. 2021 год, - од кој се утврдува дека смрта на пациентот Небија Терзија е насилна и настапила како резултат на делување на пламен , изгореници од 3 и 4 степен, доминатно 4 степен со присуство на гареж во дишните патишта и хранопроводот ; извештај Сп.бр.19392/268-21 од 09.09.2021 год, - од кој се утврдува дека смрта на пациентот Мукадеса Алија е насилна и настапила како резултат на јаглесинување , изгоретини од 3 и 4 степен по целото тело и присуство на гареж по целата должина на бронхијалното стебло , извештајот број 18391/267-21 од истиот датум - од кој се утврдува дека смрта на пациентот Ферди Шаќири е насилна и настапила како резултат на изгореници од 1,2 и 3 степен по целото тело ; извештај СП.бр 18393/269-21 од 09.09.2021 год, - од кој се утврдува дека смрта на пациентот Селвије Идризи е насилна и

настапила како резултат на задобиени изгореници од 1 и 2 степен по целото тело ; извештајот Сп.бр. 18394/270-21 од 09.09.2021 год, - од кој се утврдува дека смрта на пациентот Ремзи Ајрулаи е насилна и настапила како резултат на изгортини по целото тело од 2, 3 и 4 степен и присуство на гареж по целата должина на броинхијалното стебло; извештајот СП.бр. 18390/266-21 од 09.09.2021 год,- од кој се утврдува дека смрта на пациентот Раиф Селмани е насилна и настапила како резултат на неуроген шок заради изгореници и вдишување на гасови кој се ослободиле во текот на согорувањето; извештајот Сп.бр.18386/262-21 од 09.09.2021 год, - од кој се утврдува дека смрта на придружникот на горе наведените болни од Ковид -19 Зарифе Билали е насилна и настапила како резултат на делување на пламен, изгореници од 1,2,3 и 4 степен, доминантен 4 степен со присуство на гареж по дишните патиша и хранопроводот и извештајот СП.бр.18387/263/21 од 09.09.2021 год, - од кој се утврдува дека смрта на придружникот Арбина Шехаби е насилна и настапила како резултат на труене со јаглерод-моноксид во концентрација од 10.54 Vol% CO и на карбокси хемоглобин 42.14 % HbCO, што довело до тешко нрушување на снабдувањето со неопходниот кислород за нормално функционирање на организмот, изгореници од кожата од 1 и 2 степен на околу 30% од површината на телото што довело до престанок на фукнцијата на витално-важните органи и настапувањето на смртниот исход.

**Фактот** Дека обвинетите Фљорим Бесими и Артан Етеми во периодот од 14.04.2021 година до 08.09.2021 година имале својство на службени лица , исто така не е спорен .

Ваквата околност се утврдува од статутот на ЈЗУ Клиничка болница Тетово и решенијата на Министерство за здраство бр 11-3700/1 и бр. 11-3701 од 04.05.2021 год .

Согласно член 8 и член 26 од овој статут Клиничната Болница -Тетово ја застапува, претставува и раководи со неа Директор кои се состои од две лица - организациски директор и медицински диоректор ,кој е одговорен за законитоста на работењето на болницата и за обврските што се превземени согласно надлежностите утврдени со Законот за Здравствена Заштита и други закони и законски акти .Од Увидот во горе наведените решенија на Министерството за Здравство,неспорно се утврдува дека обвинетиот Фљорим е именуван за вршител на должност **Медицински директор** во ЈЗУ Клиничка болница Тетово а обвинетиот Артан, за вршител на должноста **организациски директор** во истата болница, со што всушност и двајцата се именувани за лица кои ќе ја застапуваат, преставуваат и раководат со ЈЗУ клиничка болница Тетово .

Не е спорен ни **фактот** дека обвинетите Флорим - како Медицински директор и обвинетиот Артан - како Организациски директор, во периодиот од 14.04.2021 година до 08.09.2021 година не обезбедиле и не поставиле противпожарни апарати.

Сведоците Мустафа Таири, Шпенза Арифи-Зеќири и Надире Ќамили како медицински персонал присатен на лице место во моментот на избувнувањето на пожарот, се јасни и прецизни по однос на ова околност.

Сведокот Мустафа Таири во својот исказ даден на главната расправа одржана на 31.01.2023 год, сигурно и недвосмислено наведува дека лично не забележал дека има противпожарен апарат во болничката соба каде што биле во мигот на избувнување на пожарот, во ВЦ-то и ходникот испред собата и дека токму поради тоа се олбидел да го гасне пожарот со кебе и вода .

Сведокот Шпенза Арифи- Зеќири исто така е категоричнна , со оглед да во својот исказ даден на истата главна расправа ,со сигурност наведува дека и покрај тоа што барала противпожарни апарати, бидејќи во собата каде избувнал пожарот немало, не успеала да ги најде во ходникот, па затоа и се обидела да

делува со вода и со влажни ќебина .

На истата главна расправа, на ист начин се произнесува и сведоко Надире Ќамили кога наведува дека противпожарен апарат немало во собата и испред собата .

Во контекст на нивните искази и како нивна потврда , се и исказите на сведоците кои како придружни лица биле на лице место во моментот на пожарот - сведоците Оливера Веселиновска, Мумин Исмаили, Катица Димновска и Селмани Рами .

Оливера Веселиновска и Катица Димовска јасно наведуваат дека воопшто не виделе противпожарни апарати, додека пак Селмани Рами укажува на тоа дека кога започнал пожарот , лично почнал да бара ПП апарати и дека откако не успела да ги најде се обидел да го гасне пожарот со вода .Сведокот Исамили Мумин е лице кое што временски најдолго престојувало во внатрешноста на модуларната болница. Категорички наведува дека секојдневно, по неколку пати влегувал во болницата, од 14.07.2021 година па до денот на пожарот-што опфаќа времнски период од речиси-два месеци и дека воопшто никогаш немал приметено противпожарни апарати .

Во прилог на нивните искази и како потврда на изреченото во овој дел , се и записникот на дирекцијата за заштита и спасување - од кој неспорно произлегува дека е извршен увид на лице место на ден 08.09.2021 год, од страна на овластени лица - инспектори и дека во моментот на вршење на увидот од нивна страна е констатирано дека Модуларната болница не е обезбедена со содветни уреди и инсталации за заштита од пожари, друга заштитана опрема, сретства за гаснене на пожари и противпожарни апарати **и дека во ниту една од просториите на Модуларнта болница не било пронајден поставен или пак опожарен противпожарен апарат и** фотодокументациите бр. 1535/2021 од 08.09.2021 год, и бр 1535-1/2021 год,од -09.09.2021 год, - во кои видно се прикажани постоечките опожарени предмети затекнати на лице место а меѓу кои не се констатирани опожарени противпожарни апарати или нивни остатоци.

Доказите се јасни, прецизни, меѓусебно се потврдуваат и надополнуваат , па затоа судот и ги прифаќа во целост , а со самото тоа смета дека и фактичката состојба наведена во диспозитуивот на пресудата под римско I , е наполно утврдена и докажана.

Наводите на одбраната дека обвинетиот Фљорим не е потписник на записноикот за примопредавање на модуларната болница на ден 14.04.2021 година, дека склучените менаџерски договори од страна на Министерството за здравство со обвинетите Фљорин и Артан не ја предвидуваат обврската од нивна страна да бидат набавени и поставени противпожарни апарати и дека сепак имало и обезбедено и поставено такви ПП апарати во модуларната болница , се неосновани.

Не е спорно дека обвинетиот Фљорин, не е потписник на записникот за примопредавање на прерфабрикувани Модуларни континери бр 02-928/1 од 14.04.2021 год. Ваквиот факт недвосмислен произлегува од самиот записник под овој број и датум, со оглед да во истиот прецизно е наведено и видно, дека истиот го има потпишано- како претставник на ЈЗУ КБ Тетово, обвинетиот Артан . Меѓутоа не е спорно ни тоа дека од денот на приемот - 14.04.2021 година па до денот на пожарот - 08.09.2021 година Модуларната болница функционирала и вршела прием и лекување на пациенти во период од речиси 5- пет месеци и дека обвинетиот Фљорим во текот на овие пет месеци преземал дејствија и носел одлуки сврзани со пандемијата и работењето на модуларната болница.

Така, од увидот во барањето бр.03-1798 од 13.08.2021 год. произлегува дека заедно со обвинетиот Артан барале од Министерство за одбрана на РСМ помош во луѓе за да се справат и воспостават ред со зголемениот број на пациенти заболени од Ковид -19, од увидот во записникот од одржан состанок на

стручниот колегиум одржан на 29.07.2021 год. произлегува дека обвинетиот Флорим активно учествувал во превземането на конкретни мерки за заштита и успешно справување до пандемијата., од наредбата бр 02-1743/3 од 07.08.2021 год, произлегува дека Флорим донел наредбата за повлеквуане на специјализантите заради зголемениот број на пацинети заболени од ковид -19, од наредбата за прекин на годишни одмори бр02-1743/2 од 6.8.2021 год, се утврдува дека со негова наредба се прекинати годишните одмори на сите здраствени работници и здраствени соработници на ЈЗ КБ Тетово, од наредбата бр 02-1737/1 од 03.08.2021 год.произлегува дека обвинетиот флорим заедно со Артан се потписници на наредба со која се наредува на сите главни сестри да направат списиок од две медицински сестри и еден болничар од нивното одделение кој ќе бидат ангажирани во Ковид центарот, од наредбата од 29.07.2021 год, произлегува дека обвинетиот Фљорим донел наредба раководителите на ОЕ да одредат двајца лекари по име и презиме кој ќе бидат ангажирани во Ковид центарот при болницата , од наредбата бр 2-1684/2 од 29.07.2021 год, произлегува дека обвинетито Флорим донел наредба за забрана на посета на неовластени лица поради случувањето со Ковид -19. Сите овие превземени активности јасно укажуваат на тоа дека обвинетиот Флорим и покрај тоа што не е потписник на записникот за примопредаване на Модуларната болница, сепак не се дистанцирал од нејзиното работење, туку активно учествувал и ја следел нејзината дејност во рамките на своите овластувања како медицински директор надлежен и за оваа болница .

Не е спорно ни тоа дека со склучените менаџерски договори обвинетите Фљорин и Артан немале обврска да обезбедат и постават ПП апарати во модуларната болница . Но со овие договори не се суспендирани одредбите на нормативните акти од важност за ЈЗУ КБ Тетово .

ЈЗУ КБ Тетово има донесено правилник за заштита од пожари и експлозии - факт кој произлегува од увидот во самиот правилник бр 02-1543/5 од 28.06.2016 год.

Во чл.12 на овој правилник јасно се утврдени обврските на раководното лице - Директорот при вршенето на работи од областа на заштитата од пожари, при што во ст.1 т.5 од овој член е наведено дека Директорот е одговорен за организиране и спроведување на заштита од пожари, а во точка 8 е децидно наведено дека Директорот се грижи за обезбедување и разместување на ПП апарати и друга опрема , нивна исправност навремено сервивисирање и слично.

Исто така ЈЗУ КБ Тетово има донесено и оперативен план за спречување на настануване пожар во болницата - факт кој произлегува од увидот во самиот оперативен план.Во овој оперативен план во главата која се однесува на превентивни мерки за спречување на настануване на пожари конкретно е наведено редевно да се сервисира и одржува во исправна состојба противпожарната опрема.

Згора на тоа и двајцата обвинети се обврзани со Законот за заштита и спасување. Согласно чл. 69 од овој закон, јавните прeпријатија , установите и останатите субјекти се должни да имат содветни уреди и инсталации за заштита од пожари друга противпожарна опрема, сретство за гаснење на пожари и противпожарни апарати , а согласно чл. 75 од овој закон, јавните претпријатија установи во согласно со закон се должни да имат сретства за гаснење на пожари и против пожарни апарати, со тоа што сретствата за гаснене на пожари и противпожарни апарати задолжително треба да се наоѓат на одредени места, да се одржуват во исправна состојба и секогаш достапни за употреба.

Од сето оваа јасно произлегува обврската на обвинетите да обезбедат и постават ПП апарати, ако веќе го прифатиле работењето на модуларната болница со прием и лекување на пациенти заболени од Ковид -19 .

Точно е и тоа дека дел од сведоците во своите искази потврдуваат дека имало противпожарни апарати во Модуларната болница, и тоа сведоците Мунибе Абдули Касами - во исказот даден на 16.02.2023 год, Билјана Ѓорѓевска на истата главна расправа ,Бобан Димовски, Даниела Симјановска во исказот даден на 21.03.2023 год, Флуртије Ислами во исказот на истата главна расправа и Треси Ерселе истиот ден .

Нивните искази во овој дел се неприфатливи за судот затоа што оставаат простор за сомнеж во нивната веродостојност . Нивните искази се несигурни . Наместо јасно и конкретнио да се признесат по однос на таоа дали имало или не ПП апарати , нивното постоење го наведуваат со зборот **„ МИСЛАМ“ . Мислам дека Видов..., ислам дека имаше..,** се зборовите со кои укажуваат на постоење на ПП апаратите , што е далеку од јасна, прецизна и недвосмислена потврда за нивно постоење во внатрешноста на модуларната болница.

Сведоците Исмаил Серани и Башким Ибараими се поконкретни по однос на оваа околност. Иако Башким го употребува истиот навод **„ Мислам“** сепак прецизно наведувам дека имало три ПП апарати со тоа што ги лоцира и местата каде што биле поставени ,- едниот во чекална, другиот во сестринската соба и третиот во магацинскиот простор. За разлика од него Исмаил Серани укажаува на тоа дека лично видел само еден противпожарен апарат и тоа во ходникот на модуларната болница . Исказите и на овие двајца сведоци се неприфатливи за судот од причина што во овој дел немаат никаква поткрепа со останатите материјални и вербални докази. Сите горе наведени сведоци , без оглед дали се лицата од медицинскиот персонал или пак затечените придружници, секој за себе , се категорнични и јасни по однос на тоа дека никој од нив **нити нашол, нити пак употребил ПП апарат** за време на пожарот . Ако е така и доколку навистина ПП апаратите биле поставени во внатрешноста на модуларна болница, на местата каде што ги наведуваат сведоците Исмаил и Башким, тогаш сосема е логично истите тиа ПП апарати по локализирањето на пожарот да бидат евидентирани и фотографирани од страна на увидната група како опожарени, или пак да бидат пронајдени и фиксирани нивните остатоци. Напротив . Во горенаведените фотодокуменатции на одделот за крим техника видно е прикажано што е најдено во внатрешноста на модуларнаат болница . Особено се фиксирани изгорените апарати и опожарените боци од кислород како и некои други опожарени предмети. Зошто на лице место не се пронајдени и фотографирани и евентуалните ПП апарати, доколку навистина ги имало. Нивното невоочување на лице место како опожарени апарати или пак остатоците од нив, од страна на увидната група, со сигурност упатува на заклучокот дека навистина и немало поставено ПП апарати во внатрешноста на модуларната болница.

Заради сето ова судот и смета дека вака изнесените наводи на одбраната се дадени со цел да се избегне, односно намали кривична одговорност на обвинетите, па затоа и не ги прифати .

Покрај горенаведените докази судот ги ценеше и останатите изведени докази и тоа:

Проект за итно справување со Ковид - 19 на Министерство за труд и социјална политика бр.02-6149/3 од 13.09.2021 година, Проект за итно справување со Ковид-19 на Министерство за труд и социјална политика, бр.02-6149/6 од 21.09.2021 година, записник за извршен инспекциски надзор на Министерство за труд и социјална политика - Државен инспекторат за труд, ИП1.бр.10-1568 од 13.09.2021 година, Договор бр.MK/ERCP#1.1.8 од 24.12.2020 година, спроведен од страна на Министерство за труд и социјална политика,

CONTRACT NO MK/ERCP # 1.1.7, сертификат за гаранција 21-390-000309 на ДПТУ'Брако'ДОО, фактура 21-390-000309 на ДПТУ 'Брако'ДОО, фактура 21-390-000319 на ДПТУ'Брако'ДОО,решение за пренесување на вредност бр.10-4459/2 од 22.06.2021 година, на Министерство за труд и социјална политика,

решение за пренесување на вредност бр.10-4459/1 од 22.06.2021 година, на Министерство за труд и социјална политика, договор бр.MK/ERCP# 1.1.7 од 30.11.2020 година, спорведен од страна на Министерство за труд и социјална
политика, вештачење на дипл.елек.инж. Ирфан Шаќири од 7.10.2021 година, записник за извршен инспекциски надзор бр.0813-50 од 13.09.2021 година, на Дирекција за заштита и спасување - Сектор за генерален инспекторат, наод и стручно мислење на Технолошко–металуршки факултет во Скопје бр.09-1099/4 од 27.10.2021 година,наредба за вештачење на ОЈО-Скопје под РО.бр.559/21 од 20.09.2021 година,
наредба на Основен суд во Тетово К-ПП-242/21 од 9.09.2021 година, наредба на Основен суд во Тетово К-ПП-246/21 од 16.09.2021 година, наредба на Основен суд во Тетово К-ПП-241/21 од 9.09.2021 година, наредба на Основен суд во Тетово К-ПП-274/21 од 27.10.2021 година, извештај од анализа на запаливи и непознати материи на ОКТ-Скопје со рег.бр.22.12.2.2.2-84158/1 од 1.10.2021 година,записник за извршено примопредавање на предмети во ОЈО-Тетово бр.22.27.2.3-8785/3 од 22.10.2021 година,потврда за привремено одзмени предмети на СВР-Тетово, бр.224/3987 од 9.09.2021 година, записник за извршено примопредавање на предмети во ОЈО-Тетово бр.22.27.2.3-8785/1 од 13.09.2021 година, известување на СВР-Тетово бр.22.27.2.3-8785/2 од 30.09.2021 година,записник за извршено примопредавање на предмети во ОЈО-Тетово бр.22.27.2.3-8785/2 од 30.09.2021 година, известување на Општина Тетово бр.07-9170/1 од 14.09.2021 година,потврда за привремено одземени предмети на СВР-Тетово бр.226 од 9.09.2021 година,потврда за вратени предмети на СВР-Тетово бр.12110 од 9.09.2021 година, потврда за вратени предмети на СВР-Тетово бр.12112 од 9.09.2021 година, потврда за вратени предмети на СВР-Тетово бр.12114 од 9.09.2021 година, потврда за вратени предмети на СВР-Тетово бр.12116 од 9.09.2021 година,потврда за вратени предмети на СВР-Тетово бр.12117 од 9.09.2021 година,-записник за предавање на пронајдени предмети на СВР - Тетово бр.12775 од 21.09.2021 година, записник за предавање на пронајдени предмети на СВР-Тетово бр.12548 од 16.09.2021 година, -записник за предавање на пронајдени предмети на СВР- етово бр.12547 од 16.09.2021 година, записник за предавање на пронајдени предмети на СВР-Тетово бр.12546 од 16.09.2021 година, записник за примање пријава на СВР-Тетово бр.2070 од 11.09.2021 година,ЦД од пожарот од 8.09.2021 година на СВР-Тетово,
- вешт наод и мислење на Факултет за електротехника и информациски технологии во Скопје бр.03-395/1 од 23.02.2022 година, писмен извештај за извршена обдукција на Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија при Медицински факултет во Скопје, СП.бр.18382/258-21 од 9.09.2021 година, писмен извештај за извршена обдукција на Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија при Медицински факултет во Скопје, СП.бр.18383/259/21 од 9.09.2021 година, писмен извештај за извршена обдукција на Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија при Медицински факултет во Скопје, СП.бр.18381/257-21 од 9.09.2021 година, писмен извештај за извршена обдукција на Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија при Медицински факултет во Скопје, СП.бр.18386/262-21 од 9.09.2021 година, записник за извршено примопредавање на предмети во ОЈО-Тетово бр.22.27.2.3-8785/5 од 13.01.2022 година со еден плик со акт бр.22.12-2387/1 од 12.01.2022 година,записник за извршено примопредавање на предмети во ОЈО-Тетово бр.22.27.2.3-8785/7 од 25.02.2022 година со една картонска кутија акт бр.IZ13-1-80/22 Am treptove par 5/812435 Berlin, ,записник за извршено примопредавање на предмети во ОЈО-Тетово бр.22.27.2.3-8785/6 од 21.01.2022 година со еден плик формат А4 жолта боја, - еден плик со УСБ-стикер 'Sandisk ultra 3.0', еден бел плик со УСБ-стикер 'Verbatin', -еден бел плик со две ЦД-а,,-еден бел плик со четири ЦД-а од ТВ Клан, фактура бр.008/2022 од 21.01.2022 година на ДТУ'Пролингуа',-записник од примопредавање на префабрикувани модуларни

контејнери – Регионални ковид центри – Договор бр.МК/ERCP#1.1.7 од 30.11.2020 година спроведен од страна на Министерството за труд и социјална политика за објект ЈЗУ Клиничка болница во Тетово датум на извршено примопредавање:
14.04.2021 година, Правилник за хоспитална култура од Министерство за здравство, ,согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈЗУ Клиничка болница во Тетово од Министерство за информатичко општество и администрација бр.09-902/7 од 15.06.2021 година, согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈЗУ Клиничка болница во Тетово од Министерство за информатичко општество и администрација бр.09-902/3 од 10.02.2021 година, согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈЗУ Клиничка болница во Тетово од Министерство за информатичко општество и администрација бр.12/6-894/2 од 6.06.2020 година, согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација во ЈЗУ Клиничка болница во Тетово од Министерство за информатичко општество и администрација бр.12/6-894/4 од 19.08.2020 година,,Одлука за формирање на единици за заштита од пожар бр.02-2320/9 од 27.11.2020 годинаОдлука за формирање на единица за пружање прва медицинска помош бр.02-2320/11 од 27.11.2020 годинаОдлука за формирање на единици за општа намена во јачина на вод бр.02-2320/10 од 27.11.2020 година, Одлука за усвојување на Правилникот за заштита од пожар и експлозии бр.02-1542/5 од 28.06.2016 година, Одлука за формирање на тимови за постапување во случај на масовни несреќи и несреќни случаи бр.02-1088/16 од 26.04.2016 година,
Одлука за формирање на кризен штаб при масовни несреќи и несреќни случаи бр.02-1088/17 од 26.04.2016 година, Решение за формирање на тимови за известување во случај на масовни несреќи и несреќни случаи бр.1088/18 од 26.04.2016 година, Решение за формирање на Комисија за ревизија на Планот за постапување при масовни несреќи и несреќни случаи бр.02-1088/19 од 26.04.2016 година, Одлука за формирање на тим за заштита од пожар бр.02-1088/20 од 26.04.2016 година, обука за ковид од 30.03.2020 година од Министерство за здравство, барање до Министерство за одбрана на Република С.Македонија бр.03-1798/1 од 13.08.2021 година, бука за ковид од 6.04.2020 година од Министерство за здравство,
одлука за овластување бр.02-1802/1 од 17.08.2021 година,презентација – обука за клинички третман на ковид-19 и превенција на инфекција од 19.11.2020 година, ,измена на критериумите за прекин на изолација и ослободување од болница на индивидуи со ковид-19 од 11.11.2021 година од Министерство за здравство,потсетник бр.03-2097/1 од 27.09.2021 година,упатства за ковид-19 од 31.03.2020 година за постапување од Министерство за здравство,н редба за повлекување на специјализанти бр.02-1743/3 од 7.08.2021 година, известување до Општина Тетово бр.03-616/1 од 10.03.2021 година,Одлука за формирање надзорен орган за примена на мерките поради настанатата состојба со појава на ковид-19 од 11.03.2020 година бр.03-863/4, наредба за прекин на годишни одмори бр.02-1743/2 од 6.08.2021 година,укажување бр.03-1089/2 од 17.06.2020 година, наредба бр.02-1743/1 од 4.08.2021 година,известување од Министерство за здравство бр.03-948/1 од 23.03.2020 година, наредба бр.02-1737/2 од 3.08.2021 година, решение бр.03-1045/1 од 10.04.2020 година, наредба бр.03-2294/2 од 10.12.2020 година, наредба бр.02-1737/1 од 3.08.2021 година,наредба за мобилизација на доктори бр.03-936/1 од 19.03.2020 година, ,известување од 26.02.2020 година, записник бр.02-895/1 од 13.03.2020 година, наредба бр.02-1737/2 од 3.08.2021 година, ургенција до Министерство за здравство за медицинска опрема на дијагностички центар бр.03-91/1 од 14.01.2019 година, известие за набавка на медицинска опрема на дијагностички центар бр.03-88/1 од 11.01.2019 година, ргенција за набавка на медицинска опрема на дијагностички центар бр.03-88/2 од 26.11.2018 година, известие бр.03-91/2 од

10.04.2019 година до Министерство за здравство, ургенција до Министерство за здравство бр.03-130/1 од 15.01.2020 година,ургенција за опремување на дијагностички центар бр.03-130/3 од 7.10.2020 година, допис за потврдите за обука за
употреба на противпожарен апарат за вработените во ЈЗУ Клиничка болница во Тетово бр.102/11 од 30.12.2011 година, пла ,потврда бр.196/21 за сервисен преглед на противпожарни апарати, план во случај на масовни несреќи и несреќни случаи,
План за заштита од пожар, сертификат за електрично мерење за калибрација бр.03-542/1/2021 година, технички извештај ГЗ-07/21, ГОЗ-08/21, ГОЗ-09/21, ГОЗ-10/21, ГОЗ-11/21, -Одлука за усвојување на Правилникот за заштита од пожари и експлозии бр.02-1542/5 од 28.06.2016 година, Одлука за усвојување на Планот за функционирање во случај на несреќи и несреќни случаи бр.02-1088/22 од 26.04.2016 година и - План за функционирање во случај на масовни несреќи и несреќни случаи бр.02-1088/22 од 26.04.2016 година, сите спакувани во плав регистратор бр.2, , согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈЗУ Клиничка болница во Тетово од Министерство за информатичко општество и администрација бр.09-902/7 од 15.06.2021 година, согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈЗУ Клиничка болница во Тетово од Министерство за информатичко општество и администрација бр.09-902/3 од 10.02.2021 година, согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈЗУ Клиничка болница во Тетово од Министерство за информатичко општество и администрација бр.12/6-984/2 од 6.02.2020 година, согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на ЈЗУ Клиничка болница во Тетово од Министерство за информатичко општество и администрација бр.12/6-894/4 од 19.08.2020 година-тековна состојба бр.08-314/1 од 22.06.2022; иовластување од Јавно обвинителство на Република С.Македонија А.бр.03-469 од 13.09.2021 година од Јавниот обвинител на Република С.Македонија Љубомир Јовески. Одговор на ваше бараање РО 559/21 од 15.09.20211 год, изговтвен одМИн за гтруд и соц политика на РСМ заведен под архив ски број 026249/5 од 21./09.29021 год, доставен до ОЈО-Тетово. договор за набавка на услуга склучен помеѓу ЈЗУКБ Тетово како договоре орган и друштвото за производств о трговија и услуги сигурност ДОЛЕЛ Скопје бр 0394/1 од 13.01./2021 год, кој договор се однесува на околнсота дека во КБ имало ППЕ апарати а со овој договор е направено одржување сервисиране и контролно испитување на ППЕ ,апарати и на хидратанска ППЕ лопрема за договор,Правилник за заштита на пожари и експлозии изготвен од ЈЗУ и КБ Тетово заведен под 0215642/5 од 28.06.2016 год. Одлука за условунее за заќштита на спаасуване на ЈЗУ донесена од стран ана ујправен одб ор а заверена под бр 0227101/3 од м14.11.2016 год. Одлука за формиране на единица за заштита од пожар донесена од страна на УО на ЈЗУ бр 02232/09 од 27.11.2020 год. Одлука за условуване на правилник за еклск и пожари донесена од страна на јуО од ЈЗУ од 26.8.2020 бр 021542/5 одлука за услојуване на правилникот на пожари и лкслозии
Одлуак за формиране единица за пружане прва меди помош донесени од УО бр 2320-/11 од 27.11.20 16 год. Допис од друштвото за производство трговија и услуги сигурност ДОЛЕЛ Скопје доставен до ЈЗУ КБ Тетопвп зверен под 102/11 од 30.12.2011 год. .Решение за назначуване н а одговорно лице за одржуване опремата од 26.10.2020 год.под бр 02-288/1 вло ЈЗУ Тетово. Одлука за овластување на лицето башким Ибраими да раковид,кордин ира организа и да има целосен надзор на техн . чперсонал на портирите и обезедвуачите од 17.08.2021 год, заверена под бр 021802/1 -Барање од ЈЗУ КБ Тетово доМинси за одбрана под бр 03 1798/1 од 13.08.2021 год. .,Барање од бранителот на прво обвинетиот Флоирм адв.Илчо гавровски доставено до ЈЗУ КБ Тетово .

Барање од ОЈОза гонене организиран криминал -Скопје под РО 2014/21 од 23.08.2022 год, доставено до ОЈО-Тетово Рамка за упраување со животна содржина и слоцијални прашана за проект инте. одговор на ковид 19 и подготвен сот на здр системи во РСМ технички број П 173916 септември 2020 год. и рамка со ист наслов П173916 од декември 2021 аќжурирана верзија.извадоци од дневник ,весници и портали од кој с утврдува декае Бобан Вулчевски не е раководител на модуларна болница.Две ЦД од ТВ прилози -Барање до ЈЗУ КБ Тетово за прибавување на докази согласн чл.311 од ЗКП одговор од ЈЗ 03-3108/2 од 19.12.2022 год, , Поднесок со ургенција од 26.01.2023 год. поднесена до ЈЗУ КБ Тетопво , доставени по електронски пат со кој нидоставуват решение бр 04-6/47 од 31.03.2021 год, за распоредуване на здрасвен . год,се утврдува дека д-р Бобан Вучевски е вд раковидтел на јургетна медицина., : Известување зав ерено под 17-7331/3 од 30.11.2022 год, на Мин за здраство на РСМ со прилози ,листа на податоци, бр. 042690/1 од 4.4.2022 год, на Мин за финасии на РСМ, лсита на податоци бр 04-9376/1 од 30.12.2021 год, листа на податоци бр. 04-6160/1 од 28.09.2022 год, на Мин. на финасии на РСМ.

Ваквите докази меѓутоа, не се од влијаније за утврдувањето на фактичката состојба наведена во диспозитивот на пресуда од римско 1 , затоа што договорот бр. МК/ERCP#1.1.8 од 24.12.2020 година, е на Англиски јазик , без превод , а другите докази се однесуваат на околности кои не се содржани во наводите на обвинениeто спрема обвинетите .

Особено,ова се однесува за наодот и стручното мислење на технолошко-металуршки факултет -Скопје бр 09-1099/4 од 27.10.2021 година, наодот и мислењето на факултетот за елекрто техника и информациски технологии во Скопје бр. 03-395/1 од 23.02.2022 година и Наодите и мислењата на вештите лица Ирфан Шаќири, со оглед да наодите и мислењата на факултетот за елекрто техника и информациски технологии - Скопје од 23.02.2022 година и наодите и мислењата на вештото лице Ирфан Шаќири се однесуваат на вградените електрични материјали односно дали поставената електрична инсталација во модуларната болница е во согласност со важечките и договорените стандарди, а наодот и мислењето на технолошко металуршкиот факултет се однесува на видот и квалитетот на материалите од кои е изградена предметната болница , односно на околности што не се опфатени со обвинениeто и не им се стават на товар на обвинетите.

Врз основа на вака утврдени факти, судот со сигурност смета дека во дејствијата на обвинетите Фљорин Бесими и Артан Етеми се соджани сите елементи на по едно кривично дело Тешки дела против општата сигурност по чл.292 ст.4 в.в. со чл.288 ст.4 в.в. со ст.2 од КЗ , затоа што од небрежност, како службени лица, не поставиле пропишани уреди за заштита од пожар и со тоа предизвикале опасност за животот или телото на луѓето а при тоа настапила смрт на повеќе лица , а во дејствијата на обвинетото паравно лице -ЈЗУ КБ Тетово сите елементи на кривичното дело Предизвикување општа опасност по чл.288 ст.5 в.в. со ст.4 в.в. со ст.2 од КЗ затоа што како правно лице од небржност , не поставило прпишани уреди за заштита од пожар и со тоа предизвикало опасност за животот или телото на луѓето, па затоа и ги огласи за виновни за овие кривични дела , со тоа што на обвинетиоте Фљорим и Артан им утврди казна затвор во траење од по 1- една година и 6- шест месеци , кои казни нема да се извршат доколку обвинетите , секој за себе во рок од 3- три години не стори ново кривично дело , а додека пак правното лице го осуди на паричнна казна во висина од 1.000.000.00 денари .

Судот се определи на обвинетите Фљорим и Артан да им изрече алтернативна мерка ,затоа што очекува дека и со таква мерка ќе бидат постигнати целите на казнување предвидени во чл. 32 од КЗ . Како околности за ваквото нешто спрема двајцата обвинети, ги зеде во предвид нивниот семеен статус - женети и родители, нивната неусудуваност , степенот на вината , коректното однесување пред судот и

покаженото жалење и каење.

При одмерување на видот и висината на паричната казна спрема правното лице судот ги ценеше сите околности предвидени во чл. 96 -ѓ од КЗ , па како отежителни ги зеде природата и тежината на кривиќното дело за кое е обвинето и последиците од делото а како олеснителни видот на дејноста која ја врши , билансот на добар успех и негоавата ппретходна неосудуваност, па смета дека со вака изречената парична казна ќе бидат исто така , постигнати целите на казнување , предвидени во чл.32 од КЗ .

Воедно судот ги задолжи обвинетите секој да плати на име кривичен паушал сума во износ од 4.000 денари како и солидарно на име трошоци на постапка сума во износ од 1.311.850,00 денари, сето во рок од 30 дена по правосилнсота на постапката.

Трошоците на постапката во горе наведениот износ се однесуваат - 947.450.00 денари за Институт за судска медицина за извршени 12- дванаесет обдукции, 259.600,00 денари за извршеното вештачење од страна на Технолошко - машинскиот факултет Скопје , 70.800,00 денари за извршено вештачене од факултетот за електротехника и информациски технологии , 13.000,00 денари за наодот и мислене на вештите лице Ирфан Шаќири и 21.000 ,00 за присуство на главна расправа на вештото лице Ирфан Шаќири,Рубин Бошковски,Анита Грозданова, Свето Цветковски , Влатко Стоилков и Владимир Димчев од по 3.500,00 денари.

Притоа оштетените :Велика Биковска, Снежана каранфиловска, Александар Костевски, Тони Михајловски, Томислав Петрушевски, Трпе Веселиновски, Снежана Василевска, Шафи Салихи, Алинаџи Амети, Маир Мустафи , Макфирет Рамадани и зак. застапници на сега покојните Назлиша Адеми, Џемаил Билали, Залифе Билали, Мукадеса ,Алија, Хаки Емши, Расим Емшин, Раиф Селмани, Ахтеме Исмаили, Ремзи Ајрулаи, Ферди Шаќири, Селвије Идризи, Хасије Шехаби, Армина Шехаби и Небије Терзија, за своите оштетни побарувана се упатуваат на спор.

Според наводите на обвинението , обвинетиот Бобан како одговорно лице - раководител на модуларна болница, за време на епидемија не постапил според прописите и наредбите со кои се определуваат мерки за нејзино сузбивање и спречување и не постапил согласно наредбата донесена од страна на медицинскиот директор при ЈЗУ КБ тетиоово обвинетиот Фљорин Бесими врз основа на чл. 31 одстатутот на ЈУ КБ Тетово и одлука од комисијата за заразни болести бр. 09-208/1 од 25.02.2020 година од Минситерствот за здраствио на РСМ за забрана на посета на новлстени лица во болничките простории поради појава на сезонски грип и глобални случувања од Ковид 19 под бр. 02-1684/2 од 29.07.2021 година и дозволил вле з од неовластени лица - членови на семејства на вболните лица од ковид 19 како придидружници во модуларна болница и со тоа тој и правното лице ЈЗУ КБ сториле по едно кривично дело Непостапување според здравствените прописи во време на епидемија по чл. 206 ст.1 од КЗ .

Дека медицинскиот директотр на ЈЗУ КБ Тетово - обвинетиот Фљорим, имал донесено наредба за забрана на посета на неовластени лица во болничките простории поради појава на сезонски грип и глобални случувана - донесена врз основа на чл.31 од статутот на ЈЗУ КБ Тетово и одлуката од комисјата на заразни болести под горниот број и датум при Министерството за здраство, не е спорно ,

Ваквата околност недвосмислено се утврдува од увидот во статутот на кЗУ КБ Тетово - во чл.31 конкретно е наведено дека директорот меѓу другото донесува и наредби , постоенето на одлуката од комисијата за заразни болести при Министерството за здраство од 25.02.2020 год, и особено од увидот во самата наредба бр.02-1684/2 од 29.07.2021 год, - во која точно се назначени дека

наребата е донесена од страна на директорот Фљорим и дека со истата се задолжуваат сите раководители на ОЕ да забранат посета и движење на неовластени лица во болничките простории.

За разлика од овој неспорен факт, спорни се наводите на обвинението кој се однесуваат на раководната положба на обвинетиот Бобан во Модуларната болница , а со тоа и неговата одговорност за постапувањето по прописите и наредбите со кој се определуваат мерките за сузбивање на епидемијата како и за постапувањето по донесената наредба од страна на медицинскиот директор.

Имено , фактот дека обвинетиот Бобан бил назначен за раковидтел на модуларната болница , а со тоа и одговорно лице ,непроизлегува ниту од еден од изведените докази предложени од страна на тужителот, односно јавниот овинител.

Напротив , од списоците на раковидителите на организационите единици на ЈЗУ КБ Тетово и особено од решението за распоредување на здраствениот работник бр.04-6/47 од 31.03.2021 год. произлегува спротивното .Всушност од списоците на раковидителите во организационите единици во болницата произлегува дека обвинетиот Бобан не бил назначен во претходниот период како раководител на ниедна ОЕ додека пак од наведеното решение од 31.03.2021 год, - доказ на одбраната , недвосмислено се утврдува дека со ова решение донесено од страна на директорите на болницата - Фљорим и Артан, обвинетиот Бобан е распореден на работно место **раководител на одделот за ургентна медицина при ЈЗУ КБ Тетово ,** кој како одел - согласно правилникот за систематизација на работни места во ЈЗУ КБ Тетово бр.02-1072/3 од 17.04.2019 год, преставува посебна организациона единица во рамките на болницата со дејност која посебно ја обавува и во чии состав не влегува работенето на модуларната болница .

Во горе наведената наредба на директорот на ЈЗУ КБ Тетово за забрана на посета на неовлстени лица е наведено дека сите раковидтели на ОЕ да забранат посета и движење на неовластени лица во болничките простории, без притоа да биде прецизирано со што и на кој начин да се забрани посетата .Во отсуство на портиска служба во модуларната болница , ваквата наредба според својата содржина единствено би се свела на поставување писмен натпис на влезот на болницата **,, Забрана за влез на неовластени лица,,** .Без оглед на тоа кој го поставил и истакнал ваквиот натпис , не е спорно дека истиот постоел на влезната врата од модуларната болница .Сите горе наведени сведоци- дали истите се од медицинскиот персонал или пак од надворешните лица, независно еден од друг јасно и конкретно наведуваат дека имало писмен натпис за забрана на влез во болничките простории, видно истакнат и поставен на влезната врата.Сепак не е спорно ни тоа , дека во болничките соби имало присатни придружници, не само на денот на пожарот туку и претходно.

Ваквата околност произлегува од исказите на горе наведените сведоци. Сите овие неповикани лица меѓутоа, влегувале во внатрешноста на модуларната болница на сопствен ризик , користејќи го тоа што немало портир а влезната врата била отворена.

Сосема е јасно дека контролата на овие лица требало да ја има медицинскиот персонал за време на нивната смена .На ова нешто јасно укажува сведокот Треси Ерселе инаку доктор-специјализант вработен во модуларната болница - Тетово од денот на пујштането на болницата па до денот на пожарот.Во својот исказ даден на главната расправа одржана на ден 06.04.2023 год, без двоумене и со сигурност укажува на тоа дека секој од медицинскиот персонал кој бил на смена бил одговорен за случуваната во модуларната болница за време на траење на смената , а на конкретно прашање на јавниот обвинител категоричен наведува дека немало раководител во модуларната болница .

Членовите на медицинскиот персонал -сведоците Мустафа Таири, Шпенза Арифи Зеќири и нНадире Ќамили , како и сведоците Оливера Веселиновска, Биолета Петрушевска, Шаќире Имрани, МУним Исмаили, Мунибе Абдули Касами, Билјана Ѓорѓевска, Катица Димовска ,Бобан Димовски, Рамиз Селмани и Маја Јовановска, притоа го наведуваат и тоа дека неовластените лица влегувале во болничките простории игнорирајќи го поставениот. натпис,, Забрана за влез,, свесни за ризикот и за прописите и наредбите кој се однесуваат на забраната поради пандемијата со Ковид 19.

Ако се има во предвид дека обвинетиот Бобан не бил именуван за раководител на модуларната болница , тогаш тој е во иста позиција како и останатите , другите лица од медицинскиот персонал ,. со самото тоа би требало да води сметка за посетите за време на неговата смена и не како ,, одговорно лице,, должен да ја спроведе наредбата на медицинскиот директор.

Поради сето горе наведено судот смета дека во конкртниов случај јавниот обвинител не докажа надвор од разумно сомневање дека обвинетиот Бобан , а со тоа и обвинетото правно лице ги сториле делата за кој се обвинети, па затоа и ги ослободи од обвинение согласно чл.403 ст.1 т.3 од ЗКП, како што е наведено во диспозитивот на пресудата под римско 2.

Со самото тоа трошоците на постапката во вкупен износ од 85.800,00 денари во корист на обвинетиот Бобан Вучевски ( награда за неговиот бранител за 11- единаесет застапувана на главна расправа по АТ - 5.000,00 денари оснвица зголемена за 20% часовнина и 30% паушал ) паѓат на товар на буџетот на РСМ.

**Пресудено во Основен суд Тетово на ден 05.06.2023 год, под К.бр 450/22 год.**

**Записничар,**
**Божиновска Анѓелина с.р.**

**Судија,**
**Јордан Велковски с.р.**

**ПОУКА:** Против оваа пресуда имате право на жалба во рок од **8 дена** по приемот на истата преку овој суд до Апелационен суд Гостивар.

ДН-ОЈО-Тетово, обвинетите, бранителите и пол. на оштетените,